ЗАКОН ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Редакциски пречистен текст [1]

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат внатрешните работи, општите начела за работниците во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), организацијата и надлежноста на Министерството, статусот и посебните должности и овластувања на работниците во Министерството, класификацијата на работните места во Министерството, соработката, контролата на вршење на работите во Министерството, правата и обврските од работен однос на работниците во Министерството, материјалната одговорност, односно надоместокот на штета и дисциплинската одговорност на работниците во Министерството, како и обработката на лични податоци и други податоци и евиденции што се водат во Министерството.

Внатрешни работи

Член 2

(1) Внатрешни работи во смисла на овој закон се:

- остварување на системот на јавна безбедност,
- спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија,
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните,
- спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост,
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела,
- граѓански работи и
- други работи утврдени со овој и посебен закон.

(2) Покрај работите од ставот (1) на овој член, Министерството може да:

- организира и остварува издавачка дејност согласно закон,
- организира научно-истражувачка работа за потребите на безбедноста и организира научна и научно-техничка соработка од областа на безбедноста со институции надвор од државата, согласно закон,
- спроведе постапка за изградба на објекти од значење на безбедноста и нивно запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижностите и
- врши други работи на барање на надворешни субјекти (физички и правни лица, органи на државната управа, институции и други).

(3) Трошоците за вршење на работите од ставот (2) алинеја 4 од овој член, паѓаат на товар на барателот и се определуваат согласно реално направените трошоци за направената услуга.

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за внатрешни работи, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 160/25 и Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.15/26, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

(4) Под објекти од значење на безбедноста во смисла на ставот (2) алинеја 3 на овој член, се подразбираат објектите што Министерството ги користи за вршење на работите од своја надлежност утврдена со закон.

(5) Податоците за објектите од ставот (4) на овој член, не претставуваат податок од јавен карактер и за истите се применуваат прописите од областа на безбедност на класифицирани информации.

(6) За објектите од ставот (4) на овој член, Министерството во процесот на градење е ослободено од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште.

(7) Начинот на организирање и остварување на издавачката дејност од став (2) алинеја 1 на овој член, го утврдува министерот за внатрешни работи.

Значење на одделни изрази

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Биро за јавна безбедност"** е орган во состав на Министерството кој ги врши полициските работи во Министерството и чија организација и надлежност е уредена со одредбите од овој закон, Законот за полиција и друг закон;

2. **„Работник во Министерството"** е овластено службено лице согласно одредбите од овој закон;

3. **„Ментор"** е работник во Министерството кој завршил обука за ментор и кој е распореден на работно место кое е идентично по вид или е еден вид повисоко од видот на работното место на кое е распореден работникот кого го менторира;

4. **„Работно место"** е најмалата единица во организациската структура на Министерството, која претставува збир на работни задачи кои оформуваат една целина, на кое може да се вработи лице, да се распореди, унапреди или ангажира работник на Министерството и истото се опишува со вид, назив, ниво, статус, општи и посебни услови, и други податоци од интерес за работното место, во актот за систематизација на работните места во Министерството;

5. **„Слободно работно место"** е работно место на кое со договор за вработување или со решение не е распореден односно унапреден или ангажиран работник;

6. **„Работни компетенции"** се збир од знаења, вештини и способност на работникот да ги извршува работите и работните задачи на работното место и истите можат да бидат општи и посебни;

7. **„Стручни квалификации"** се формалното образование и другите форми на стручно образование на работникот, за кои поседува диплома или сертификат;

8. **„Распоредување"** е преместување на работник на друго работно место, под услови и постапка утврдени со овој закон;

9. **„Унапредување"** е преместување на работник на работно место, кое во однос на претходното работно место на работникот е повисоко по вид во хиерархијата на работни места во Министерството;

10. **„Упатување"** во смисла на овој закон е испраќање на полициски службеник во истражен центар на јавното обвинителство, кој со решение за упатување е избран за вршење работи на определено време согласно закон;

11. **„Непосреден раководен работник"** е работник кој раководи односно управува со работата на организациската единица пред кого работникот непосредно одговара за својата работа;

12. **„Безбедносен ризик"** е ризик за нарушување на безбедноста во извршувањето на работите во надлежност на Министерството;

Овозможување за вршење на работите и укажување на стручна помош

Член 4

(1) Граѓаните, правните лица и државните органи на Министерството му овозможуваат непречено вршење на работите од неговата надлежност.

(2) Министерството во рамките на својата надлежност им укажува стручна помош на граѓаните, правните лица и на државните органи во остварувањето на пропишаните права и обврски, заштитата на животот и личната сигурност на граѓаните и имотот.

Известување на јавноста за прашања од надлежност на Министерството

Член 5

(1) Министерството ја известува јавноста за прашањата од негова надлежност.

(2) На граѓаните, правните лица и на државните органи, Министерството им дава информации, податоци и известувања за прашања од својот делокруг за кои тие се непосредно заинтересирани.

(3) Нема да се даваат информации, податоци и известувања кои согласно закон се определени со соодветен степен на класификација или претставуваат лични податоци, освен кога се исполнети условите утврдени со посебен закон.

(4) Информациите, податоците и известувањата од ставовите (1) и (2) на овој член, ги дава министерот за внатрешни работи (во натамошниот текст: министерот) или од него овластен работник.

Обврска за работниците

Член 6

Работниците во Министерството се должни во вршењето на работите и работните задачи да го штитат и чуваат животот и имотот на граѓаните, да ги почитуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот и да ги применуваат на пропишан начин само мерките и средствата на присилба што се утврдени со закон или друг пропис.

II. ОПШТИ НАЧЕЛА ЗА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Начело на законитост

Член 7

Работниците во Министерството ги вршат работите и работните задачи согласно Уставот на Република Северна Македонија, закон, други прописи донесени врз основа на закон и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Начело на соодветна и правична застапеност

Член 8

(1) При вработување во Министерството соодветно и правично се застапени и граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

(2) При вработување во Министерството се почитува принципот на еднаквост на половите.

Начело на управување со ефектот на работниците

Член 9

(1) Министерството управува со ефектот на работниците преку нивно континуирано следење и оценување, како и предлагање мерки за нивно подобрување.

(2) Оценката за ефектот е мерка за придонесот на работникот за ефикасно и ефективно функционирање на Министерството која се мери преку квалитетот, динамиката, почитувањето на роковите, нивото на исполнување на работните цели и задачи, професионалноста и однесувањето на работникот, како и преку други критериуми од интерес за Министерството утврдени со овој закон.

Начело на професионална етика, непристрасност и објективност

Член 10

(1) При извршувањето на работите и на работните задачи, работниците во Министерството одржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

(2) Работниците во Министерството при вршењето на работите и на работните задачи обезбедуваат непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи, при што на граѓаните и на правните лица им овозможуваат заштита и остварување на правата, а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес, утврден со закон.

(3) Работниците во Министерството работите и работните задачи ги вршат политички непристрасно, без влијание на своите политички уверувања и лични, материјални и финансиски интереси.

(4) Работниците ги почитуваат целите, интересите, угледот и интегритетот на Министерството и државата.

Начело на транспарентност и доверливост

Член 11

(1) Работниците во Министерството при вршењето на работите и на работните задачи обезбедуваат пристап до информации од јавен карактер, под услови утврдени со закон.

(2) Работниците во Министерството во извршувањето на работите и на работните задачи на работното место, со личните податоци и класифицираните информации постапуваат под услови утврдени со закон.

Начело на одговорност

Член 12

Работниците во Министерството одговараат пред Министерството за последиците од нивното постапување, непостапување или одлучување, односно не одлучување, како и за квалитетот, навременото и ефикасно извршување на доверените задачи.

Начело на спречување судир на интереси

Член 13

Работниците во Министерството не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси, согласно закон.

Начело на економично користење на средства

Член 14

Работниците во Министерството материјалните средства, опремата и другите средства за работа ги користат на економичен, разумен и ефикасен начин.

III. НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО

1. НАДЛЕЖНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Надлежност на Министерството

Член 15

(1) Министерството е надлежно за вршење на внатрешните работи од членот 2 од овој закон и други работи утврдени со овој и друг закон.

(2) При извршување на работите од ставот (1) на овој член, Министерството соработува со други органи на државна власт, институции и тела.

(3) При извршување на работите од ставот (1) на овој член, Министерството соработува и со надлежни органи и тела на други држави и меѓународни организации.

2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО

Организација на Министерството

Член 16

Организациската структура на Министерството ја сочинуваат:
- организациски единици за потребите на Министерството и
- орган во состав на Министерството

Организациски единици за потребите на Министерството

Член 17

Организациските единици за потребите на Министерството од членот 16 алинеја 1 од овој закон, се организациски единици надлежни за вршење на стручни работи во врска со вршењето на внатрешните работи, за потребите на целото Министерство.

Орган во состав на Министерството

Член 18

Орган во состав во Министерството е Биро за јавна безбедност (во натамошниот текст: Бирото).

Надлежност на Бирото

Член 19

Бирото е надлежно за вршење на полициски работи, под услови утврдени со одредбите од овој закон, Законот за полиција и друг закон.

Внатрешна организациска поставеност на Бирото за јавна безбедност

Член 20

(1) Внатрешната организациска поставеност на Бирото се заснова на линиски и територијален принцип и е уредена со Законот за полиција и овој закон.

(2) Во Бирото може да се формираат и други организациски единици за извршување на работите од негова надлежност, како и организациски единици за извршување на стручните работи за потребите на Бирото.

Директор на Бирото и заменик на директорот

Член 21

(1) Со Бирото раководи директор, кој се именува и разрешува под услови утврдени со Законот за полиција.

(2) Директорот има заменик, кој се именува и разрешува под услови утврдени со Законот за полиција.

IV. СТАТУС И ПОСЕБНИ ДОЛЖНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА

Статус на работниците во Министерството

Член 22

Работниците во Министерството имаат статус на:

- овластени службени лица за вршење стручни работи и
- полициски службеници.

Статус на министерот, заменикот на министерот, државниот секретар, директорот и заменикот на директорот

Член 23

(1) Министерот, заменикот на министерот и државниот секретар имаат статус на овластено службено лице.

(2) Директорот на Бирото и заменикот на директорот на Бирото имаат статус на полициски службеник.

Државен секретар

Член 24

(1) Државниот секретар на Министерството го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, по предлог на министерот, за време од четири години.

(2) За државен секретар може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да нема државјанство на друга држава;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;

5) има минимум пет години работно искуство;

6) поседува меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) или поседува сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга и

7) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(3) Функцијата на државниот секретар престанува пред истекот на мандатот:

- на негово барање;
- ако ги исполни условите за пензија или
- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.

(4) Државниот секретар може да биде разрешен од функцијата пред истекот на мандатот, доколку:

- нестручно и несовесно ја извршува функцијата;
- не постапи согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или
- престане да исполнува некој од условите предвидени во ставот (2) на овој член.

Посебни должности и овластувања на работниците

Член 25

Работниците во Министерството имаат посебни должности и овластувања, утврдени со овој и друг закон, поради видот, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење.

Вршење на посебните должности и овластувања

Член 26

(1) Работниците во Министерството со статус на овластени службени лица за вршење стручни работи, посебните должности и овластувања ги вршат под услови утврдени со овој закон и други прописи.

(2) Работниците во Министерството со статус на полициски службеници, применуваат полициски овластувања и постапуваат под услови утврдени со овој закон, Законот за полиција и други прописи.

Собирање на податоци, известувања и информации

Член 27

Работниците во Министерството со статус на овластени службени лица за вршење стручни работи, во вршењето на посебните должности и овластувања собираат податоци, известувања и информации од делокругот на работата на Министерството, согласно закон.

Службена легитимација и значка

Член 28

(1) На работниците во Министерството со статус на овластени службени лица за вршење стручни работи, Министерството им издава посебни службени легитимации и значки.

(2) На работниците во Министерството со статус на полициски службеници, Министерството им издава службени легитимации и значки согласно Законот за полиција.

(3) За издадените легитимации од ставовите (1) и (2) на овој член, Министерството води евиденција во хартиена или електронска форма која содржи: име и презиме на работникот, негова фотографија, датум на издавањето на службената легитимација, регистарски број и крвна група на работникот.

(4) Податоците од евиденцијата од ставот (3) на овој член, се чуваат најдолго 90 дена по престанокот на работниот однос на работникот.

(5) За контрола на влезот и излезот од Министерството, за идентификација само за безбедносни цели, може да се обработуваат и биометриски податоци на работниците во Министерството, согласно прописите за заштита на личните податоци.

Бесплатна правна помош

Член 29

(1) Ако против работникот во Министерството се поведе или води кривична, прекршочна или парнична постапка поради употреба на средства за присилба или заради други интервенции во вршењето на работата, како и за учество во сообраќајна незгода со моторно возило при вршењето на работата, Министерството му обезбедува бесплатна правна помош во врска со водење на постапката.

(2) Министерството му обезбедува бесплатна правна помош и на граѓанин кој му укажал помош на работник во Министерството во вршење на службената должност, ако против него е поведена кривична, прекршочна или парнична постапка, за дејствие сторено во врска со укажаната помош.

V. ВИДОВИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ И КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Видови организациски единици во Министерството

Член 30

Во Министерството и во Бирото може да се формираат следните организациски единици:

- оддел, односно Полициска академија во Министерството (во натамошниот текст: Полициска академија),
- сектор, односно сектор за внатрешни работи, односно единица,
- одделение,
- отсек, односно полициска станица, односно чета и
- полициско одделение, односно вод.

Категории на работни места

Член 31

(1) Работните места во Министерството се класифицирани во две категории:

- категорија раководни работници и
- категорија извршители.

(2) Покрај категориите од ставот (1) на овој член, во Министерството се систематизирани и посебни советодавни работни места во кабинетите во Министерството.

Видови на работни места

Член 32

(1) Во категоријата раководни работници во хиерархијата на работни места, утврдени се пет видови работни места, и тоа:

1. началник на оддел/началник на Полициска академија, /началник на Оддел за внатрешни работи - Скопје;
2. началник на сектор/началник на Сектор за внатрешни работи /командант на единица/началник на средно полициско училиште;
3. началник на одделение/помошник началник на Сектор за внатрешни работи/помошник командант на единица;
4. началник на отсек/командир на полициска станица/командир на чета;
5. командир на полициско одделение/командир на вод.

(2) Согласно степенот на образование предвиден за работното место, во категоријата извршители се утврдуваат:

- работни места со високо образование и
- работни места со средно образование.

(3) Во категоријата извршители во хиерархијата на работни места со високо и средно образование, утврдени се пет видови работни места, и тоа:

1. главен;
2. самостоен;
3. виш;
4. основно работно место и
5. помлад

(4) Називите на работните места се утврдуваат во актот за систематизација на работните места во Министерството.

Нивоа на работни места во Министерството

Член 33

(1) Работните места во категориите раководни работници и извршители во зависност од нивото на организациската единица, се систематизирани на:

- стратешко ниво;
- тактичко ниво и
- оперативно ниво.

(2) Во стратешко ниво се работните места систематизирани во организациските единици од стратешко ниво кои се надлежни за долгорочно планирање, развој на политики, донесување на одлуки и општи насоки за работењето на Министерството.

(3) Во тактичко ниво се работните места систематизирани во организациските единици од тактичко ниво кои се надлежни за развивање и координирање на планови, мерки и активности во согласност со стратешките насоки.

(4) Во оперативно ниво се работните места систематизирани во организациските единици од оперативно ниво надлежни за непосредно спроведување на задачите на терен.

Критериуми за систематизирање на работните места

Член 34

(1) Секој вид на работно место, со конкретен назив, се систематизира во соодветна категорија и ниво, согласно одредбите од овој закон, актот за организација и работа и актот за систематизација на работните места во Министерството.

(2) Работните места во Министерството се систематизираат во соодветна категорија и ниво во актот за систематизација на работните места, согласно следните критериуми:

- хиерархиска поставеност и нивото на организациската единица во која е систематизирано работното место во рамки на организациската структура на Министерството;
- носење одлуки;
- управување со работни процеси;
- одговорност;
- сложеност на работите и работните задачи;
- обем на работа;
- стручни квалификации;
- работно искуство;
- општи работни компетенции и
- други критериуми од значење за работното место.

(3) Општите работни компетенции се утврдуваат во Рамката на општи компетенции за работниците во Министерството, што ја пропишува министерот.

Акт за организација и работа на Министерството

Член 35

(1) Организацијата и работата на Министерството се утврдува со Уредба донесена од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот, во која е инкорпорирана организацијата и работата на Бирото.

(2) Во Уредбата од ставот (1) на овој член, се утврдува:
- организацијата и работата на Министерството и Бирото;
- организациската структура во Министерството и во Бирото;
- видовите на организациските единици во Министерството и во Бирото;
- нивото на организациските единици во Министерството и во Бирото;
- надлежноста на организациските единици и друго.

Акт за систематизација на работните места во Министерството

Член 36

(1) Актот за систематизација на работните места во Министерството, во кој е инкорпорирана и систематизацијата на работните места во Бирото, го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

(2) Во актот од ставот (1) на овој член, се утврдуваат:

- видот на организациската единица во која се систематизирани работните места;
- нивото на организациската единица;
- вкупниот број на извршители во рамки на организациската единица, кој е зголемен за најмногу 10% од вкупниот број на работници за кои е утврдена потреба да бидат распоредени на работните места во организациската единица, а за кои се обезбедени средства за плати и надоместоци во буџетот на Министерството;
- видот и називот на работното место;
- нивото на работното место;
- статусот на работното место;
- видот и степенот на образование;
- видот на безбедносен сертификат за пристап до информации класифицирани со соодветен степен на класификација согласно закон, доколку е утврдена потреба согласно описот на работни задачи на работното место;
- опис на работните задачи на работното место и друго.

VI. ПОСЕБНИ СОВЕТОДАВНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО КАБИНЕТИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Посебни советодавни работни места во кабинетите

Член 37

(1) Во актот за систематизација на работните места во Министерството се систематизираат посебни советодавни работни места за вршење работи од советодавен карактер за потребите на кабинетите на избраните и именувани лица во Министерството, и тоа во:
- Кабинетот на министер,
- Кабинетот на заменик министер,
- Кабинетот на државен секретар,
- Кабинетот на директор на Бирото и
- Кабинетот на заменик на директорот.

(2) Во кабинетите од ставот (1) на овој член, се систематизираат два вида на посебни советодавни работни места:

- државен советник и
- посебен советник.

(3) На посебните советодавни работни места во кабинетите од ставот (1) на овој член, со решение на министерот, во нетранспарентна постапка, времено се ангажираат работници од Министерството, за времетраење на мандатот на избраното или именуваното лице во чиј кабинет се ангажира работникот.

(4) Ангажирањето на работникот од Министерството на посебно советодавно работно место во кабинет во Министерството престанува:

- со истекот на мандатот на избраното или именуваното лице во чиј кабинет е ангажиран работникот или
- пред истекот на мандатот на избраното или именувано лице во чиј кабинет е ангажиран работникот, и тоа: на барање на избраното или именувано лице или на барање на работникот.

(5) Ако на работникот на работното место од ставот (2) на овој член, му е изречена дисциплинска мерка од член 175 став (1) точка 3) и став (2) точка 3) од овој закон, мерката се спроведува сметано од работното место од кое работникот е ангажиран во кабинет.

Распоредување на работници од кабинет во Министерството, по престанување на нивниот ангажман

Член 38

(1) Работникот на кој му престанал ангажманот во кабинет во Министерството, согласно одредбите на овој закон, се распоредува на работното место на кое бил распореден пред да биде ангажиран во кабинетот во Министерството.

(2) Доколку работното место од ставот (1) на овој член не е слободно, а тоа работно место е во категорија раководни работници, работникот се распоредува на друго слободно работно место кое во хиерархијата на работни места од членот 32 став (1) од овој закон, е еднакво по вид со видот на работното место на кое работникот бил распореден пред ангажирањето. Доколку нема слободно таков вид на работно место, работникот следствено на овој пристап се распоредува на друго работно место кое по својот вид е едно место пониско во категоријата раководни работници, но најмногу на работно место со вид „главен" во категоријата извршители.

(3) Доколку работното место од ставот (1) на овој член не е слободно, а тоа работно место е во категоријата извршители, работникот се распоредува на работно место идентично по вид со видот на работното место на кое бил распореден пред да биде ангажиран во кабинетот.

(4) Распоредувањето од ставовите (2) и (3) на овој член се врши согласно условите за распоредување од член 92 став (1) точките 1, 2 4 и 5 и член 92 ставови (2), (3) и (5) од овој закон.

VII. СОРАБОТКА

Соработка меѓу организациските единици кои вршат стручни работи и соработка меѓу нив и Бирото

Член 39

Организациските единици што вршат стручни работи за потребите на Министерството меѓусебно соработуваат и остваруваат соработка со Бирото.

Соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство

Член 40

Начинот на остварување на правата, обврските и одговорностите утврдени со закон и колективен договор на полициските службеници упатени во истражен центар на јавното обвинителство се уредуваат со договор за соработка склучен меѓу Министерството и Јавното обвинителство.

Одлука за упатување во истражен центар на јавното обвинителство

Член 41

(1) За полициски службеник кој се упатува во истражен центар на јавното обвинителство решение за упатување донесува министерот.

(2) Полицискиот службеник упатен во истражен центар на јавното обвинителство правата, обврските и одговорностите ги остварува под услови и постапка утврдени со овој закон и колективен договор, како и на начин пропишан со прописите донесени врз основа на закон.

(3) Спроведувањето на постапките за остварување на правата, обврските и одговорностите на полицискиот службеник упатен во истражниот центар на јавното обвинителство, се врши врз основа на предлог, барање односно иницијативата на јавниот обвинител.

VIII. КОНТРОЛА НА ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО И ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ

1. КОНТРОЛА НАД РАБОТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Видови на контрола

Член 42

Контролата на вршењето на работите на Министерството се остварува како внатрешна и надворешна контрола.

Внатрешна контрола

Член 43

(1) Внатрешна контрола на работењето и постапувањето на работниците во Министерството врши посебна организациска единица на Министерството надлежна за внатрешна контрола.

(2) Заради заштита и остварување на своите права или кога смета дека со постапувањето на работник во Министерството се повредени неговите слободи и права, секое лице има право да поднесе претставка до надлежната организациска единица за внатрешна контрола.

(3) Организациската единица од ставот (1) на овој член, задолжително врши проверка на наводите во претставката од ставот (2) на овој член и во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на претставката, во писмена форма го известува подносителот за утврдената состојба и преземените мерки.

(4) Работниците во Министерството задолжително соработуваат со работниците на организациската единица од ставот (1) на овој член при преземањето на активностите потребни за извршување на работите од нејзина надлежност.

(5) Работниците во Министерството не може да бидат повикани на одговорност заради обраќање до организациската единица од ставот (1) на овој член, освен во случај на лажно пријавување.

(6) Организациската единица од ставот (1) на овој член јавно објавува извештај за своето работење на квартално ниво.

Надворешна контрола од Народниот правобранител на Република Северна Македонија

Член 44

(1) Надворешна контрола на работата на Министерството врши Народниот правобранител.

(2) Контролата од ставот (1) на овој член, Народниот правобранител ја врши под услови утврдени со посебен закон.

Известување на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

Член 45

По прием на кривична пријава или добиено сознание дека работник на Министерството со статус на полициски службеник извршил кривично дело при вршење на службено дејствие или извршил кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, Министерството без одлагање го известува Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Министерството заедно со известувањето ги доставува до Одделението сите сознанија за стореното кривично дело, сторителот и жртвата и други информации со кои располага.

2. ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ

Тест за професионален интегритет

Член 46

(1) Заради спречување на незаконито постапување на работниците во Министерството, а со цел јакнење на нивниот интегритет и превентивно дејствување, Министерството врши проверка на професионалниот интегритет, со спроведување на тестови за професионален интегритет во електронска форма или во симулирана ситуација.

(2) За спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, Министерството може да ангажира и припадници на безбедносни органи на други држави.

Тест за професионален интегритет во електронска форма

Член 47

(1) Тестот за професионален интегритет во електронска форма се спроведува врз основа на План за спроведување на тест за професионален интегритет во електронска форма, кој го донесува раководителот на надлежната организациска единица за внатрешна контрола.

(2) Планот за спроведување на тестот за професионален интегритет во електронска форма, може да се донесе ако надлежната организациска единица за внатрешна контрола, во рамките на своето работење утврди факти или врз основа на податоци кои ги обработува, дојде до сознанија дека одреден работник во Министерството не постапува согласно закон, односно постапува спротивно на правилата и прописите.

(3) Резултатот од тестот за професионален интегритет во електронска форма може да биде позитивен или негативен.

(4) Доколку работникот има негативен резултат на тестот за професионален интегритет во електронска форма:

- се спроведува тест за проверка на професионален интегритет во симулирана ситуација или
- надлежната организациска единица за внатрешна контрола спроведува контрола на извршување на работите и задачите кои ги извршил тестираниот работник во текот на изминатата година.

Тест за професионален интегритет во симулирана ситуација

Член 48

(1) Тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација претставува контрола на постапувањето на работникот во Министерството во симулирана ситуација, која е идентична на неговите работни задачи и активности, без обврска за претходно известување на организациската единица во која е распореден и работи работникот.

(2) Резултатот од тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација може да биде индикатор за поведување на предистражна постапка, процена и анализа на ризикот од корупција, промена на методологијата и процедурите за работа, утврдување на видот и потребата за обука на работниците, како и основ за поведување на дисциплинска постапка.

(3) Тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација се спроведува врз основа на План за спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, кој го донесува раководителот на надлежната организациска единица за внатрешна контрола во Министерството.

(4) Планот за спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, може да се донесе во случај ако надлежната организациска единица за внатрешна контрола, во рамките на своето работење, утврди факти или врз основа на податоци кои ги обработува, дојде до сознанија кои укажуваат дека одреден работник во Министерството не постапува согласно закон, односно

постапува спротивно на правилата и прописите или во случај кога резултатот од тестот за професионален интегритет во електронска форма на работникот е негативен.

(5) Во текот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација се почитува начелото на законитост, основните човекови слободи и права и достоинството на работникот кој се тестира.

(6) Во текот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација, работникот кој се тестира не смее да се поттикнува на извршување кривично дело или повреда на службената должност и овластувања.

(7) Активностите преземени за време на спроведувањето на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација не претставуваат дел од посебните истражни мерки пропишани со Законот за кривичната постапка.

(8) Постапката за спроведување на тестот од ставот (1) на овој член може да се документира на видео и аудио запис и во текот на нејзиното спроведување може да се изнесуваат невистинити информации и да се користат легендирани средства и документи.

(9) Резултатот од тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација може да биде позитивен или негативен.

(10) Тестот има негативен резултат доколку се утврди дека во текот на спроведувањето на симулираната ситуација, работникот не постапувал согласно закон, постапувал спротивно на правила и прописи или покажал склоност кон корупција.

(11) Работниците во надлежната организациска единица за внатрешна контрола и лицата од членот 46 став (2) од овој закон, кои го спроведуваат тестот за професионален интегритет, не можат да бидат повикани на одговорност доколку во текот на спроведувањето на тестот преземале дејствија со кои сториле прекршок или постапиле спротивно на правилата и прописите во Министерството, доколку таквите дејствија се во согласност со Планот за спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација.

IX. РАБОТНИ ОДНОСИ

Прописи со кои се уредени правата и обврските од работен однос на работниците во Министерството

Член 49

Правата и обврските од работниот однос, работниците во Министерството ги остваруваат согласно од овој закон, Законот за полиција, прописите од областа на работните односи и Колективниот договор на Министерството.

1. ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС

Услови за засновање на работен однос во Министерството

Член 50

(1) Работен однос во Министерството на работно место со посебни должности и овластувања може да заснова лице кое ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетно;

- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
- да е здравствено и психофизички способно;
- да има завршено најмалку четиригодишно средно образование;
- со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето;
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија и
- да има положено тест за интегритет.

(2) Покрај општите услови за засновање на работен однос во Министерството од ставот (1) на овој член, со актот за систематизација на работните места во Министерството можат да се утврдат и други посебни услови.

Здравствена комисија

Член 51

(1) За утврдување на психофизичката и општата здравствена способност од членот 50 став (1) алинеја 4 од овој закон и за контрола на психофизичката и општата здравствена способност на работниците во Министерството, министерот формира здравствена комисија.

(2) Здравствената комисија од ставот (1) на овој член, е составена од претседател и четири члена, од кои најмалку двајца лекари – специјалисти. По потреба, во зависност од видот на работното место за кое се спроведува постапка за засновање работен однос, во работата на здравствената комисија може да учествуваат повеќе лекари – специјалисти.

Безбедносна проверка

Член 52

(1) Пред засновање на работен однос во Министерството, се врши безбедносна проверка на лицето заради утврдување на безбедносен ризик, од страна на надлежен орган согласно закон.

(2) Безбедносната проверка од ставот (1) на овој член, се врши врз основа на претходна писмена согласност на лицето.

(3) За лицето кое ја одбива безбедносната проверка се смета дека не ги исполнува условите за засновање на работен однос во Министерството.

Степен на безбедносна проверка

Член 53

Безбедносната проверка на лице се врши како безбедносна проверка од втор степен, согласно прописите од областа на класифицирани информации.

Безбедносен прашалник

Член 54

(1) Безбедносната проверка започнува со пополнување на безбедносен прашалник.

(2) Податоците во безбедносниот прашалник од ставот (1) на овој член, претставуваат дел од содржината на безбедносната прове.

Тест за интегритет при засновање на работен однос

Член 55

Тестот за интегритет при засновање на работен однос го спроведува Министерството во писмена или електронска форма.

Изјава за имотна состојба и интереси

Член 56

(1) При засновање на работен однос во Министерството, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор за вработување, работниците во Министерството поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси, до надлежната организациска единица за внатрешна контрола, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

(2) Работниците во Министерството се должни во рок од 30 дена од денот на настанатата промена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон, до надлежната организациска единица за внатрешна контрола, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно закон.

(3) Работниците во Министерството задолжително поднесуваат изјава за имотната состојба и интереси до надлежната организациска единица за внатрешна контрола во Министерството во рок од 30 дена од денот на прекинувањето на договорот за вработување.

(4) Организациска единица од ставот (1) на овој член, врши евидентирање на поднесените изјави за имотни состојби и интереси од страна на работниците во Министерството.

(5) Доколку организациската единица од ставот (1) на овој член, утврди факти или дојде до сознанија кои укажуваат дека одреден работник во Министерството постапува спротивно на одредбите на овој член, во соработка со други организациски единици во Министерството спроведува постапка за проверка на точноста на податоците пријавени во изјавата за имотна состојба и интереси и спроведува контрола врз промените во финансиската состојба на тој работник.

2. НАЧИНИ И ПОСТАПКА НА ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Засновање работен однос во Министерството

Член 57

(1) Работен однос во Министерството се заснова врз основа на јавен оглас, под услови утврдени со овој и посебен закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, работен однос во Министерството може да се заснова и без јавен оглас согласно членот 62 од овој закон.

Јавен оглас

Член 58

(1) Јавниот оглас за засновање работен однос во Министерството се објавува на интернет страницата на Министерството, како и во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и

во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија.

(2) Во јавниот оглас од ставот (1) на овој член се назначува работното место и општите и посебните услови за засновање на работен однос.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување на интернет страницата на Министерството, односно во дневните весници од ставот (1) на овој член.

Пријава за засновање работен однос во Министерството

Член 59

(1) Кандидатите за засновање на работен однос во Министерството, за објавен јавен оглас поднесуваат пријава во електронска или хартиена форма, која ги содржи најмалку следните податоци:

- име и презиме, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење;
- последен степен на образование и стекнати дипломи, претходни степени на образование и стекнати дипломи (за кандидатите со магистратура и/или докторат), датуми на дипломите, броеви на дипломите, образовни институции кои ги издале;
- претходно работно искуство - да/не, детален опис (доколку има), вклучувајќи име на работодавачот, позиција, опис на работното место, должина на работниот стаж, адреса на работодавачот и причини за напуштање на работното место;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија – англиски, француски или германски, на најмалку ниво Б2 (В2) што се потврдува со сертификат и/или уверение, доколку е утврдено во актот за систематизација на работните места за конкретното работно место;
- познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење– да/не, кои, доколку е утврдено во актот за систематизација на работните места за конкретното работно место и
- причини за аплицирање за конкретното работно место, очекувања од работата и цели во кариерата.

(2) Кон пријавата од ставот (1) на овој член, кандидатот задолжително ги приложува следниве докази за податоците внесени во истата, во електронска или хартиена форма:

- извод од матична книга на родени;
- уверение/диплома за завршен степен на образование;
- сертификат и/или уверение за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија – англиски, француски или германски, на најмалку ниво Б2 (В2), доколку е утврдено во актот за систематизација на работните места за конкретното работно место;
- потврда за работа со компјутерски програми за канцелариско работење, доколку на работното место за кое аплицира се бара како еден од посебните услови и
- своерачно потпишана изјава со која кандидатот потврдува дека не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија.

(3) Доказот од ставот (2) алинеја 1 на овој член, се смета дека е поднесен во прилог на пријавата и истиот го прибавува Министерството по службена должност, преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

(4) Кон пријавата од ставот (1) на овој член, кандидатот може да приложи и:

- извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен, издаден од Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
- препораки од претходните работни места кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува;
- потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации;
- меѓународно признат сертификат за познавање на еден од шесте официјални јазици на Организацијата на Обединетите Нации;
- потврда за волонтерски стаж, издадена од волонтерскиот регистар на Министерството за економија и труд, а потпишана од раководното лице на институцијата во која е реализиран волонтерскиот стаж и
- други документи од интерес за работното место.

(5) По пополнување на пријавата од ставот (1) на овој член, кандидатот е должен под материјална и кривична одговорност, да потврди дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази дека се верни на оригиналот.

(6) Со поднесување на пријавата во електронска форма кандидатот добива идентификациски код.

Постапка за селекција за засновање работен однос со јавен оглас

Член 60

(1) Постапката за селекција за засновање работен однос во Министерството со јавен оглас опфаќа неколку фази, и тоа:

- административна селекција;
- писмено тестирање;
- психолошко тестирање;
- тест за интегритет;
- интервју и
- здравствени прегледи.

(2) Во зависност од видот на работното место за кое се врши селекција, покрај фазите утврдени во ставот (1) на овој член, постапката за селекција може да опфати и други фази утврдени со подзаконски акт на министерот.

(3) За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

Комисија за селекција

Член 61

(1) За спроведување на процесот на селекција при засновање на работен однос во Министерството со јавен оглас, министерот формира комисија за селекција.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, е составена од претседател, најмалку четири члена и нивни заменици. Во работата на комисијата учествува и секретар-записничар, без право на глас.

Засновање работен однос без јавен оглас

Член 62

(1) Работен однос без јавен оглас во Министерството се заснова:

- за работни места за кои во актот за систематизација на работните места во Министерството, поради видот и природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат, е утврдено дека може да се спроведе постапка за вработување без јавен оглас;
- со лица кои завршиле средно полициско училиште, согласно закон;
- со работник на друг орган на државната управа, друг орган на државна власт, институција, општинската администрација и администрацијата на градот Скопје, ако за тоа се согласат функционерите кои раководат со тие органи и работникот;
- со стипендисти со кои Министерството има склучено договор и
- со најдобрите студенти од факултетите со кои Министерството има склучено договор.

(2) Избор на лица за засновање на работен однос без јавен оглас за работните места согласно ставот (1) алинеја 1 на овој член, се врши од лицата што доставиле биографија и мотивациско писмо за вработување во Министерството по писмен пат или по електронски пат на посебна апликација креирана за таа цел, на интернет страницата на Министерството.

(3) Лицето кое заснова работен однос во Министерството без јавен оглас, задолжително треба да ги исполнува општите услови утврдени со овој закон и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работни места во Министерството.

(4) Во постапката за засновање работен однос без јавен оглас, соодветно се применуваат одредбите од член 59 ставовите (2), (3) и (4) од овој закон.

Видови на договори за вработување

Член 63

(1) Со лице кое за првпат започнува да врши работа во својата струка, соодветна на видот на своето стручно образование и нема претходно работно искуство во струката Министерството склучува договор за вработување како приправник за конкретно работно место кое по својот вид е систематизирано најниско во хиерархијата на работни места во категоријата извршители и лицето се оспособува за самостојно и стручно вршење на работите со спроведување на обука во траење од девет месеци, под услови утврдени со овој закон. Приправничкиот стаж трае девет месеци.

(2) Со лице кое започнува да врши работа во Министерството соодветна на своето стручно образование и нема претходно работно искуство во својата струка, а има работно искуство во друга струка, се склучува договор за вработување за конкретно работно место кое по својот вид е систематизирано најниско во хиерархијата на работни места во категоријата извршители и лицето се оспособува за самостојно вршење на работите со спроведување на обука за тоа работно место во траење од девет месеци под условите утврдени со овој закон.

(3) Со лице кое започнува да врши работа во Министерството соодветна на видот на своето стручно образование и има претходно работно искуство во струката и во областа за која се склучува договорот за вработување, се склучува договор за вработување за конкретното работно место за кое е утврдена потреба за пополнување.

Изјава

Член 64

(1) Лицата кои склучуваат договор за вработување на работни места за кои во актот за систематизација на работните места е предвидено работниците да имаат статус согласно член 22 алинеја 1 од овој закон, должни се при вработување во Министерството да потпишат изјава со следниот текст: ,,Се обврзувам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот на Република Северна Македонија и законите и дека совесно и уредно ќе ги вршам внатрешните работи и ќе ги почитувам основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија".

(2) Потпишаната изјава од ставот (1) на овој член, се чува во персоналното досие на работникот во Министерството.

(3) Ако работникот во Министерството одбие да ја потпише изјавата од ставот (1) на овој член, ќе се смета дека договорот за вработување не е склучен.

(4) Лицата кои склучуваат договор за вработување на работни места во Полиција, потпишуваат изјава утврдена со Законот за полиција.

Засновање на работен однос на работно место - полицаец

Член 65

(1) На работно место - полицаец, работен однос во Министерството се заснова:

- без јавен оглас - со лица кои завршиле средно полициско училиште согласно закон или

- врз основа на јавен оглас - со кандидатите за полицаец, кои завршиле основна обука за полицаец.

(2) Полициското образование во рамки на средно полициско училиште и основната обука за полицаец од ставот (1) на овој член, се спроведуваат во Полициска академија, согласно со одредбите од овој и посебен закон.

(3) Во средно полициско училиште се запишуваат ученици под услови и постапка утврдени со посебен закон.

(4) На основна обука за полицаец во Полициската академија се упатуваат кандидати за полицаец кои се избрани на јавниот оглас на Министерството согласно со овој закон.

3. ОБУКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Право и обврска за обука

Член 66

(1) Работник во Министерството има право и обврска, во текот на годината да се обучува во согласност со потребите на Министерството.

(2) По завршување на обуката, работникот е должен да го пренесе стекнатото знаење на другите работници.

Информирање на работниците за обука за професионален развој

Член 67

Министерството ги информира работниците за можностите за обука за професионален кариерен развој (обука за раководење, стручни обуки за конкретни области и други обуки согласно Каталогот на обуки во Министерството и годишниот Календар за континуирани обуки во Министерството.)

Случаи кога се спроведува обука во Министерството

Член 68

(1) Обука во Министерството се спроведува во следниве случаи:

- кога определено лице за првпат заснова работен однос (обука на приправник);
- кога определено лице врз основа на спроведена постапка за селекција е избрано за кандидат за полицаец (основна обука за полицаец);
- заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место и
- заради континуирана обука на работник.

(2) Во случаите кога се спроведува обука од ставот (1) алинеите 1 и 3 на овој член, доколку работните задачи утврдени за работното место е предвидено да ги врши работник со статус на полициски службеник, задолжително најмалку еден месец од обуката се спроведува во Полициската академија, заради стекнување соодветни компетенции за примена на полициски овластувања и употреба на средства за присилба и огнено оружје согласно со закон.

Начин на спроведување на обука

Член 69

Обуката во Министерството може да се спроведе со физичко присуство, електронски (online обука) или комбинирано (хибридна обука).

Испит за приправник и за работник кој се оспособува за самостојно вршење на работите во Министерството

Член 70

Во случаите од член 68 став (1) алинеите 1 и 3 од овој закон, работникот по истекот на обуката полага посебен испит, на начин утврден со Колективниот договор на Министерството.

Надлежност за спроведување на обука

Член 71

(1) Обуката во Министерството во случаите од членот 68 од овој закон, се спроведува од страна на:

- ментор или
- Полициската академија.

(2) Обука на работници може да се врши и со ангажирање на други лица и субјекти.

3.1. ОБУКА ОД СТРАНА НА МЕНТОР

Менторство

Член 72

(1) Менторство е метод на пренесување на знаења и вештини помеѓу работниците и истото може да биде советодавно или практично.

(2) Советодавното менторство е пренесување на знаења и вештини преку конкретни совети на менторот и се врши заради развој на општите компетенции на работникот.

(3) Практичното менторство се спроведува преку следење на работата на менторираниот работник, постојани консултации, практична работа и се врши заради развој на посебните компетенции на работникот.

Ментор

Член 73

(1) Ментор по правило може да биде секој работник кој завршил обука за ментор и кој е распореден на работно место кое е идентично по вид со видот на работното место на работникот кој се менторира.

(2) Ментор може да биде и работник кој завршил обука за ментор и кој е распореден на работно место кое е еден вид повисоко од видот на работното место на кое е распореден работникот кој се менторира.

(3) Менторот се назначува со решение на министерот или од него овластен работник.

Обука од страна на ментор

Член 74

Менторот врши обука на:

- приправник, кога Министерството склучува договор за вработување и
- работник за самостојно вршење на работите за одредено работно место.

Евидентирање на ментори

Член 75

Организациските единици надлежни за управување за човечки ресурси во Министерството вршат евидентирање на менторите.

Изјава за завршено менторство

Член 76

(1) Менторот и менторираниот работник, по успешно завршеното менторство, изготвуваат изјави за завршено менторство.

(2) Во прилог на изјавите од ставот (1) на овој член, менторот доставува извештај кој содржи информации за реализираните задачи и активности за секој месец одделно, што се содржани во Програмата за обука спроведена од страна на менторот.

3.2. ОБУКА ВО ПОЛИЦИСКАТА АКАДЕМИЈА

Видови на обука

Член 77

(1) Во Полициската академија може да се спроведува:

- обука на работник кој за првпат заснова работен однос во Министерството (обука на приправник);
- основна обука за полицаец,
- обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место,
- континуирана обука и
- меѓународна обука согласно склучен договор.

(2) Покрај обуките од ставот (1) на овој член, Полициската академија спроведува обуки за раководење и друг вид специјализирани обуки согласно со Каталогот на континуирани обуки во Министерството.

(3) На работникот кој ќе заврши, односно посетува обука во Полициската академија од ставовите (1) и (2) на овој член, му се издава потврда за завршена, односно посетена обука.

(4) Обуката од ставот (1) алинеја 4 на овој член, може да се врши и на работници во други сродни домашни и странски институции и организации, согласно склучен договор односно акт.

(5) За обуката од ставот (4) на овој член, Полициската академија може да издаде потврда за завршена, односно посетена обука и на англиски јазик.

3.3. ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПОЛИЦАЕЦ

Комисија за избор на кандидати за полицаец

Член 78

(1) Основна обука за полицаец се врши на кандидатите за полицаец избрани на јавниот оглас од член 65 став (1) алинеја 2 од овој закон.

(2) Изборот на кандидати за полицаец од член 65 став (1) алинеја 2 од овој закон го врши Комисија за избор на кандидати за полицаец, врз основа на спроведена постапка за селекција.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член, ја формира министерот и истата е составена од претседател и четири члена. Во работата на комисијата учествува и секретар-записничар, без право на глас.

(4) Претседателот и членовите на комисијата од ставот (3) на овој член, имаат свои заменици.

(5) На основна обука за полицаец од ставот (1) на овој член, Комисијата упатува за 10% поголем број на лица сметано од вкупниот број на лица за кои е утврдена потреба да се склучи договор за вработување во Министерството за работното место полицаец.

Избор на кандидати за обука за полицаец

Член 79

(1) По извршениот избор на кандидати за обука за полицаец од страна на Комисијата од членот 78 став (2) од овој закон, министерот донесува решение за избор на кандидати за обука за полицаец.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку Министерството до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(3) Жалбата против решението не го одлага извршувањето на решението.

Договор за основна обука за полицаец

Член 80

(1) Со кандидатите за полицаец од член 78 став (1) од овој закон, Министерството склучува договор за основна обука за полицаец.

(2) Со договорот за обука од ставот (1) на овој член, се регулираат посебните права и обврски меѓу Министерството и кандидатот за полицаец.

Траење на основната обука за полицаец

Член 81

Основната обука за полицаец трае една година.

Интернатско сместување

Член 82

Во текот на основната обука за полицаец, кандидатот за полицаец задолжително престојува во Полициската академија (интернатско сместување), каде што има обезбедено сместување и исхрана.

Потврда за спроведена основна обука за полицаец

Член 83

По истекот на обуката од членот 81 од овој закон, Полициската академија врз основа на покажаните резултати на кандидатите за полицаец во текот на обуката, изготвува ранг- листа и на кандидатите за полицаец им се издава потврда за завршена основна обука за полицаец.

Избор на обучени кандидати за полицаец

Член 84

(1) Министерот донесува решение за избор на обучени кандидати за полицаец од најдобро рангираните обучени кандидати за полицаец од ранг-листата од членот 83 од овој закон, а согласно утврдената потреба за бројот на полицајците за кои е распишан јавниот оглас.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, ги содржи личните податоци (име, презиме и адреса на живеење) на најдобро рангираните обучени кандидати за полицаец од ранг-листата од членот 83 од овој закон.

(3) Составен дел на решението од ставот (1) на овој член, е ранг - листата од членот 83 од овој закон.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку Министерството до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(5) Жалбата против решението не го одлага извршувањето на решението.

Договор за вработување

Член 85

(1) Со кандидатите за полицаец од членот 84 од овој закон, Министерството склучува договор за вработување, со кој кандидатите за полицаец се стекнуваат со статус на полицаец - приправник.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, се уредуваат меѓусебните права и обврски и се утврдува дека полицаецот е должен да остане на работа во Министерството најмалку пет години сметано од денот на склучувањето на договорот за вработување.

(3) Полицаецот - приправник кој ќе постапи спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член, должен е да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати.

Право на кандидатот за полицаец, кој не склучил договор за вработување со Министерството

Член 86

(1) Кандидатот за полицаец од ранг- листата од членот 83 од овој закон, кој не склучил договор за вработување со Министерството, а повторно конкурира на друг јавен оглас објавен за работно место – полицаец во Министерството, за кое ги исполнува условите за засновање на работен однос во Полиција согласно Законот за полиција, должно е да достави и потврда за завршена основна обука за полицаец во Министерството.

(2) Со кандидатот од ставот (1) на овој член, Министерството не склучува договор за основна обука за полицаец и лицето не го испраќа повторно на обука, туку врз основа на приложената потврда за завршена основна обука за полицаец и остварените резултати на обуката што ја посетувало кога ја стекнало потврдата, Полициската академија го внесува во ранг-листата од членот 83 од овој закон што ја изготвува за кандидатите за полицаец.

Должност за надоместување на трошоците поврзани со спроведување на основната обука во Полициската академија

Член 87

Кандидатот за полицаец кој ќе биде исклучен по негова вина од понатамошно спроведување на основната обука за полицаец во случаите утврдени со договорот за основна обука за полицаец, кандидатот за полицаец на кого по негово барање ќе му престане основната обука за полицаец, како и полицаец - приправник кој ќе одбие да работи на работно место - полицаец, на кое ќе биде распореден по завршувањето на основната обука и склучување на договорот за вработување, е должен да ги надомести трошоците поврзани со спроведување на основната обука во Полициската академија.

Траење на приправничкиот стаж на полицаец-приправник

Член 88

Приправничкиот стаж на полицаецот - приправник трае шест месеци.

3.4. ОБУКА ЗАРАДИ ОСПОСОБУВАЊЕ НА РАБОТНИК ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЕДЕНО РАБОТНО МЕСТО

Договор за обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место

Член 89

(1) Заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место, Министерството склучува договор за обука во траење од:

- девет месеци - со работникот од член 63 ставовите (1) и (2) од овој закон и
- шест месеци - со работникот кој се распоредува на работно место во организациска единица во која не се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место од кое работникот се распоредува.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, се регулираат меѓусебните права и обврски на работникот и Министерството, под услови утврдени со овој закон и се утврдува дека работникот е должен да остане во организацискатa единица во која е распореден најмалку две години од денот на завршување на обуката.

3.5. КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Цел на континуираната обука

Член 90

(1) Континуирана обука на работници во Министерството се врши заради поуспешно вршење на работните задачи од страна на работникот на работното место на кое е распореден, односно заради обезбедување на ефикасно извршување на надлежностите на Министерството.

(2) За упатување на работникот на континуирана обука, во случај кога обуката трае подолго од 15 дена, Министерството склучува договор со работникот за континуирана обука.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога обуката трае пократко од 15 дена, а трошоците за обуката се на товар на Министерството и истите предизвикуваат поголеми фискални импликации, со работникот Министерството склучува договор за обука.

(4) Со договорот од ставовите (2) и (3) на овој член, се регулираат правата и обврските меѓу Министерството и работникот.

(5) Работникот кој нема да ги исполни условите од договорот од ставовите (2) и (3) на овој член, должен е да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати.

3.6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ОД СТРАНА НА РАБОТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Спроведување на обука од страна на работник во Министерството

Член 91

(1) Обука може да врши и работник кој работи на одредено работно место во организациска единица во Министерството, согласно природата на работите што се вршат на работното место на кое е распореден и по претходно завршена обука за обучувач.

(2) Со работникот од ставот (1) на овој член, Министерството склучува договор за обучувач.

(3) Работникот од ставот (1) на овој член, не може по потреба на службата или по негово барање да биде распореден на работно место на кое не се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место на кое е распореден во рок од три години од склучувањето на договорот за обучувач.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку работникот по негово барање биде распореден на работно место на кое не се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место на кое дотогаш бил распореден, е должен да ги надомести трошоците за обуката зголемени за три пати.

X. РАСПОРЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО, ОДНОСНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО НИВНИОТ КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

1. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Услови за распоредување

Член 92

(1) Распоредување на работник во Министерството може да се изврши ако се исполнети следните услови:

1. работното место на кое се врши распоредување е слободно;

2. работникот кој се распоредува ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места во Министерството;

3. видот на работното место на кое се распоредува работникот, во хиерархијата на работни места да е еднакво по вид со видот на работното место од кое се распоредува работникот, согласно членот 32 од овој закон;

4. работното место на кое се распоредува работникот е во организациска единица во неговото место на живеење и

5. работите на работното место на кое се распоредува работникот се сродни со работите од работното место од кое се распоредува работникот, согласно Листата на сродни области и работи кои се вршат во Министерството, што ја донесува министерот.

(2) По исклучок од став (1) точка 4 на овој член, ако нема слободно работно место во организациската единица во местото на живеење на работникот, работникот може да се распореди на работно место во друга организациска единица оддалечена најмногу до 30 километри сметано од неговото место на живеење.

(3) По исклучок од ставот (1) точка 4 на овој член, заради конфигурацијата на теренот, местоположбата на определени објекти на Министерството, работа на гранични премини, организациската поставеност на Министерството и бројот на извршители во организациските единици, работникот може да биде распореден и на работно место во организациска единица оддалечена повеќе од 30, а најмногу до 50 километри сметано од местото на живеење на работникот. Во овој случај Министерството на работникот му исплатува надомест за патни трошоци во реален износ на трошоците во висина на најниската цена на возниот билет во јавниот сообраќај, доколку не е организиран друг вид на превоз од Министерството. Доколку во овие случаи не можат да се користат средства од

јавниот сообраќај или друг вид на превоз, на работникот му се признава надомест на трошоците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели од 30% од продажна цена на еден литар гориво за соодветното возило, по поминат километар со патен налог.

(4) Промената на местото на живеење на работникот по засновање на работниот однос или по негово распоредување на друго работно место не влијае на надоместокот на трошоците за превоз ако распоредувањето е на барање на работникот.

(5) Со работникот кој се распоредува на работно место во категоријата извршители систематизирано со вид ,,главен", задолжително се спроведува писмено тестирање за областа, во која спаѓаат работните задачи утврдени за работното место на кое работникот се распоредува, согласно Каталогот на обуки во Министерството. Стручниот писмен тест има елиминаторен карактер.

(6) Одредбата од ставот (5) на овој член, не се применува во случаите на времено распоредување, кога работникот времено се распоредува на работно место во категорија извршители систематизирано со вид „главен".

Начин на распоредување

Член 93

Распоредување на работниците во Министерството се врши:
- во транспарентна постапка со објавување на интерен оглас и
- во нетранспарентна постапка.

1.1 РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ВО ТРАНСПАРЕНТНА ПОСТАПКА

Распоредување во транспарентна постапка

Член 94

(1) Работник во Министерството може да биде распореден на друго работно место во транспарентна постапка, преку објавување на интерен оглас.

(2) Интерен оглас за слободни работни места во Министерството објавуваат организациските единици за управување со човечки ресурси, врз основа на утврдена конкретна потреба.

1.2. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ВО НЕТРАНСПАРЕНТНА ПОСТАПКА

Распоредување во нетранспарентна постапка

Член 95

Во нетранспарентна постапка може да се врши:

1. Распоредување на конкретни работни места кои се утврдени во Листата на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка;
2. Распоредување по потреба на службата;
3. Распоредување на барање на работникот;
4. Распоредување во други случаи:

а) распоредување на работник врз основа на изречена дисциплинска мерка,

б) распоредување на работник врз основа на наод, оцена и мислење на надлежна здравствена комисија;

в) распоредување кога се вршат промени во организациската структура во Министерството или се вршат промени во однос на бројот на работните места во организациски единици во Министерството утврдени во актот за систематизација на работни места во Министерството, а нема утврдена потреба да се намали бројот на вработените во Министерството;

г) распоредување на работник на работно место кое е еден вид пониско во хиерархијата на работни места од видот на работното место на кое работи работникот, доколку работникот во претходната година добил оценка „не задоволува";

д) распоредување во случај кога на работник не му е издаден или му е одземен безбедносниот сертификат за пристап до класифицирани информации, кој е утврден како услов во актот за систематизација за работното место на кое работникот работи и

ѓ) кога се постапува согласно судски одлуки и акти на други органи и институции и

5. Времено распоредување.

Распоредување на конкретни работни места за кои е утврдено да не се спроведува транспарентна постапка

Член 96

(1) Работник во Министерството може да биде распореден во нетранспарентна постапка на конкретно утврдени работни места.

(2) Работните места од ставот (1) на овој член, се утврдени во Листата на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка, која ја донесува министерот со најбројниот репрезентативен синдикат.

(3) Во Листата од ставот (2) на овој член, се утврдуваат конкретни работни места во Министерството за кои поради природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат е утврдено дека може да не се спроведе транспарентна постапка.

Распоредување по потреба на службата

Член 97

(1) Работник може да биде распореден на друго работно место во нетранспарентна постапка и по потреба на службата.

(2) Потребата од ставот (1) на овој член, се утврдува од страна на организациската единица за управување со човечки ресурси и раководителот на организациската единица во која е систематизирано работното место кое треба да се пополни.

(3) Потребата од ставот (1) на овој член, се утврдува врз основа на проценка дека е потребно да се премести работник од едно на друго работно место, кога:

- работите на конкретно работно место во организациската единица е потребно да се вршат во континуитет;
- зголемен е обемот на работа во организациската единица;
- е потребна подобра организација на процесот на работа во организациската единица или

- е потребно да се обезбедат услови за поголема ефикасност и непречено функционирање на организациската единица и Министерството во целина.

(4) Во случај кога работникот распореден на работно место за кое е утврден работен додаток на плата заради посебни услови за работа и опасност по живот, односно постоење на висок ризик во извршувањето на работите и задачите, ја нема потребната физичка подготвеност за извршување на работните задачи на работното место утврдени со акт на министерот, работникот може да биде распореден на друго работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

Распоредување на барање на работникот

Член 98

(1) Работник може да биде распореден во нетранспарентна постапка на друго работно место, врз основа на негово лично писмено барање, доставено до организациската единица за управување со човечки ресурси.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член, содржи вид на конкретно работно место на кое работникот бара да биде распореден или назив на организациска единица во која бара да биде распореден или град односно населено место во кое бара да биде распореден, како и причините поради кои го бара распоредувањето (промена на место на живеење, лични причини, здравствени причини и слично).

(3) По барањето од ставот (1) на овој член, надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси е должна да достави одговор во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Распоредување во други случаи

Член 99

(1) Распоредување на работник во нетранспарентна постапка се врши и во случај:

1. кога на работник во категорија извршители му е изречена дисциплинска мерка распоредување на работно место кое е едно работно место пониско по вид од видот на работното место на кое работникот работи, како и кога на работник во категорија раководни работници му е изречена дисциплинска мерка распоредување на работно место во категорија извршители, на работно место систематизирано со вид „главен";

2. кога со наод, оцена и мислење на надлежна здравствена комисија согласно прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување е утврдено дека работникот не е способен за вршење на работите и задачите на работното место каде работи, заради нарушена психофизичка или здравствена способност која настапила како последица од повреда при работа или професионална болест;

3. кога во Министерството се вршат промени во организациската структура на Министерството или се вршат промени во однос на бројот на работните места во организациските единици утврдени во актот за систематизација на работните места на Министерството, а нема утврдена потреба да се намали бројот на вработените во Министерството;

4. кога работникот во претходната година добил оценка „не задоволува";

5. кога на работникот не му е издаден или му е одземен безбедносниот сертификат за пристап до класифицирани информации, кој е утврден како услов во актот за систематизација за работното место на кое работникот работи или

6. кога се постапува согласно судски одлуки и акти на други органи и институции.

(2) Во случаите од став (1) точка 2 на овој член, работникот е должен издадениот наод, оцена и мислење да го достави до надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси, најдоцна во рок од 30 дена од денот на издавањето.

(3) Во случајот од став (1) точка 3 на овој член, кога работникот не аплицирал на интерен оглас или не е распореден на друго работно место врз основа на објавен интерен оглас, работникот се распоредува на работно место во хиерархијата на работни места кое е еднакво по вид со видот на работното место од кое се распоредува работникот.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку нема слободно таков вид на работно место, а тоа работно место е во категорија раководни работници, работникот се распоредува на работно место кое по својот вид е едно место пониско во категоријата раководни работници. Доколку нема слободно и таков вид на работно место, работникот следствено на овој пристап се распоредува на друго работно место пониско по вид во хиерархијата на работни места, но не пониско од работно место со вид ,,главен" во категоријата извршители.

(5) Во случајот од ставот (1) точка 4 на овој член, работникот може да се распореди на работно место кое е едно место пониско по вид од видот на кое работникот работи, согласно хиерархијата на работни места во Министерството. Распоредувањето се врши на образложен предлог на непосредниот раководител на работникот кој ја добил таа оценка.

(6) Во случајот од ставот (1) точка 5 на овој член, работникот се распоредува на друго работно место за кое во актот за систематизација на работни места во Министерството не е утврдена потреба за безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации или е утврден понизок степен на безбедносен сертификат од оној кој е утврден за работното место од кое се распоредува.

Времено распоредување

Член 100

(1) Во Министерството може да се врши времено распоредување.

(2) Времената распоредување од ставот (1) на овој член, се врши во нетранспарентна постапка, во случај кога:

- има потреба за итно пополнување на слободно работно место;
- има потреба за пополнување на работно место поради отсуство на работникот од тоа работно место поради болест, упатување во Истражен центар во јавно обвинителство и слично;
- постојат исклучителни причини за пополнување на слободно работно место што е оддалечено повеќе од 50 км од местото на живеење на работникот, со цел обезбедување непречено и ефикасно функционирање на Министерството или
- на работникот му е одземено службеното оружје согласно закон.

(3) Распоредувањето од ставот (2) алинеја 1 на овој член, може да трае најмногу шест месеци од денот на распоредување на работникот во текот на една календарска година.

(4) Распоредувањето од став (2) алинеја 2 на овој член, се врши за временскиот период во кој е отсутен работникот.

(5) Распоредувањето од став (2) алинеја 3 на овој член, може да се врши кога во одредена организациска единица има:

- недостаток од работници со определен вид на образование, со определено работно искуство, со соодветна стручна подготовка или со работна способност за конкретни работи и задачи или
- потреба за стручна помош во извршувањето на работите и задачите.

(6) Времената распоредување согласно став (2) алинеја 3 на овој член, се врши за временски период од најмногу шест месеци и не може да се изврши распоредување на работникот по истиот основ пред истекот на четири години од истекот на последното распоредување.

(7) Во случајот од став (2) алинеја 3 на овој член, работникот има право на:

- еднократен надоместок во висина на едномесечна нето-плата остварена во последниот месец пред распоредувањето;
- надоместок за патни и селидбени трошоци;
- обезбедено сместување или стан,
- седум дена платено отсуство по истекот на три месеци и
- надоместок на трошоци за превоз заради посета на потесното семејство од кое работникот живее одвоено, до четири патувања месечно, со приложен доказ на трошоците за превоз.

(8) Работникот кој е времено распореден на друго работно место согласно став (2) алинеите 1, 2 и 3 на овој член:

- ја задржува платата утврдена за работното место од кое се распоредува, доколку истата за него е поповолна и
- по истекот на времето за кое бил времено распореден се враќа на претходното работно место.

(9) Кога на работник кој е овластен да носи службено оружје времено му е одземено службеното оружје со муницијата согласно закон, работникот времено се распоредува на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службеното оружје. Распоредувањето трае до правосилноста на одлуката донесена во постапката која се водела против тој работник за дело поради кое му е одземено службеното оружје со муницијата, согласно закон.

Причини поради кои работникот не може да биде распореден на друго работно место

Член 101

(1) Работник во Министерството не може да биде распореден на друго работно место за време на отсуство од работа поради болест или повреда, бременост, раѓање и родителство, како и за време на другите случаи на платено и неплатено отсуство од работа, согласно овој закон и прописите од областа на работните односи.

(2) Полициски службеник во Министерството не може да биде распореден на друго работно место и за време додека е упатен на работа во истражен центар на јавното обвинителство.

2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Цел на унапредувањето

Член 102

Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на работниците во Министерството кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места во хиерархијата на работни места, по вид или категорија.

Унапредување на работниците

Член 103

Работник во Министерството може да биде унапреден на друго работно место кое во однос на претходното работно место е повисоко по вид или категорија во хиерархијата на работни места во Министерството.

Услови за унапредување на друго работно место

Член 104

(1) Работник може да биде унапреден на друго работно место ако се исполнети следните услови:

1. работното место на кое се унапредува е слободно;
2. работникот кој се унапредува ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето;
3. во последната година пред унапредувањето работникот бил оценет со оценки ,,особено се истакнува" или ,,се истакнува", согласно овој закон;
4. работното место на кое се унапредува работникот е најмногу две работни места повисоко по вид од видот на работното место од кое се унапредува работникот. Позиционираноста на повисокото работно место во однос на местото од кое се унапредува работникот, се смета на начин што се бројат редоследно сите видови на работни места кои се непосредно повисоко од работното место од кое се унапредува работникот, при што таквиот пристап подразбира и премин на повисок вид на работно место од категорија извршители во категорија раководни работници;
5. поминала најмалку една година од неговото последно унапредување;
6. во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, Колективен договор на Министерството и договор за вработување и
7. работите на работното место на кое се унапредува работникот се сродни со работите на работното место од кое се унапредува работникот, согласно Листата на сродни области и работи кои се вршат во Министерството.

(2) Кога се врши унапредување на работници на работни места во организациските единици за потребите на Министерството, за исполнување на условот од став (1) точка 4 на овој член, се земаат предвид сите видови на организациски единици согласно актот за организација и работа на Министерството во организациската единица во која се врши унапредување работникот.

(3) Кога се врши унапредување на работници на работни места во Бирото, исполнувањето на условот од став (1) точка 4 на овој член, се смета земајќи ги предвид сите видови на организациски единици согласно актот за организација и работа на Министерството, во организациската единица во која се врши унапредување на работникот.

(4) Кога се врши унапредување на работници од работни места во организациските единици за потребите на Министерството во организациските единици за потребите на Бирото и обратно, исполнувањето на условот од став (1) точка 4 на овој член, се смета земајќи ги предвид сите видови на организациски единици согласно актот за организација и работа на Министерството во организациската единица во која се врши унапредување работникот.

(5) Работникот кој за првпат се унапредува на раководно работно место во категоријата ,,раководни работници", покрај условите од ставот (1) на овој член, задолжително треба да има завршено и обука за раководење, која се спроведува согласно одредбите од овој закон и да има положено тест за раководење. Тестот за раководење има елиминаторен карактер.

(6) Работникот кој се унапредува на работно место во категоријата извршители за работно место систематизирано со вид ,,главен", покрај условите од ставот (1) на овој член, задолжително треба да го има положено и стручниот писмен тест од член 92 став (5) од овој закон.

(7) Одредбите од ставовите (5) и (6) на овој член, не се применуваат во случаите на времено унапредување од член 107 став (3) од овој закон.

(8) Кога се врши унапредување на работник, а тој работник претходно во својот кариерен развој најмалку шест месеци бил распореден, унапреден односно работел и на повисоко по вид работно место од видот на работното место на кое работи во моментот на унапредувањето, сметањето на две работни места повисоко по вид согласно став (1) точка 4 на овој член, се врши од највисокото по вид работно место на кое работел работникот во својот кариерен развој, освен во случај кога од највисокото по вид работно место е распореден на пониско по вид работно место врз основа на изречена дисциплинска мерка согласно одредбите од овој закон.

Начин на унапредување

Член 105

Унапредување на работниците во Министерството се врши:

- по правило во транспарентна постапка, преку објавување на интерен оглас и
- по исклучок, во нетранспарентна постапка.

2.1 УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ВО ТРАНСПАРЕНТНА ПОСТАПКА

Унапредување во транспарентна постапка

Член 106

(1) Унапредување на работниците во Министерството по правило се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас.

(2) Интерниот оглас го објавува организациската единица за управување со човечки ресурси.

2.2 УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ВО НЕТРАНСПАРЕНТНА ПОСТАПКА

Унапредување во нетранспарентна постапка

Член 107

(1) Унапредување на работници во нетранспарентна постапка може да се врши само по исклучок, во следните случаи:

1. за пополнување на конкретни работни места, кои се утврдени во Листата на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка;

2. времено, за определен временски период.

(2) Унапредување согласно ставот (1) точка 1 на овој член, може да се врши само на конкретни работни места во Министерството утврдени во Листата на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка. Во Листата се утврдени работни места за кои поради природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат е утврдено дека може да не се спроведе транспарентна постапка.

(3) Времето унапредување од ставот (1) точка 2 на овој член, може да се изврши кога:

- има потреба за пополнување на работно место поради отсуство на работникот од тоа работно место поради болест, упатување во Истражен центар во јавно обвинителство и слично или

- има потреба за итно пополнување на слободно работно место.

(4) Унапредувањето од став (3) алинеја 1 на овој член, се врши за временскиот период во кој е отсутен работникот.

(5) Унапредувањето од став (3) алинеја 2 на овој член, може да трае најмногу шест месеци од денот на унапредувањето на работникот во текот на една календарска година.

(6) Работникот кој е времено унапреден на друго работно место, различно од она на кое претходно работел:

- ја задржува платата утврдена за работното место од кое се унапредува, доколку истата за него е поповолна и

- по истекот на времето за кое бил времено унапреден, се враќа на претходното работно место.

3. РАСПОРЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ОД РАБОТНО МЕСТО СО СТАТУС „ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ" НА РАБОТНО МЕСТО СО СТАТУС „ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК"

Распоредување и унапредување од работно место со статус на „овластено службено лице за вршење стручни работи" на работно место со статус „полициски службеник"

Член 108

(1) Овластено службено лице за вршење на стручни работи може да се распореди или унапреди на работно место со статус полициски службеник, ако:

- се исполнети условите за распоредување или унапредување предвидени со овој закон и

- работникот има работно искуство за вршење на работи кои се сродни со работите за работно место на кое се распоредува односно унапредува, согласно Листата на сродни области и работи кои се вршат во Министерството од член 92 став (1) точка 5 од овој закон. Работното искуство на работникот потребно е да биде најмалку исто или поголемо од работното искуство утврдено за работното место за кое аплицира работникот.

(2) Доколку работникот нема работно искуство од ставот (1) алинеја 2 на овој член, може да биде распореден само на работно место со статус ,полициски службеник кое е најниско по вид во категоријата „извршители".

(3) За работникот од ставовите (1) и (2) на овој член, се спроведува обука за полициски службеник согласно член 68 став (2) од овој закон и тестирање со кое се проверуваат стекнатите компетенции за примена на полициски овластувања и употреба на средства за присилба и огнено оружје согласно закон. Проверката на стекнатите компетенции за примена на полициски овластувања и употребата на средства за присилба и огнено оружје ја врши Полициската академија.

4. ПОСТАПКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Постапка за распоредување, односно унапредување

Член 109

(1) Постапката за селекција при распоредување и унапредување на работниците во Министерството согласно овој закон, опфаќа повеќе фази, и тоа:

- административна селекција,
- интервју, кога се врши распоредување или унапредување во транспарентна постапка и
- писмено тестирање за работно место позиционирано со вид ,,главен" или писмено тестирање за прво унапредување на работно место во категоријата раководни работници

(2) Во зависност од видот на работното место за кое се врши селекција, покрај фазите утврдени во ставот (1) на овој член, постапката за селекција може да опфати и други фази утврдени со подзаконски акт на министерот.

Надлежност за спроведување на постапките за распоредување и унапредување

Член 110

(1) Транспарентната постапка за распоредување и унапредување со објавување на интерен оглас ја спроведува организациската единица за управување со човечки ресурси и посебните комисии за распоредување и унапредување во транспарентна постапка.

(2) Нетранспарентната постапка за распоредување и унапредување ја спроведува организациската единица за управување со човечки ресурси.

Комисии за распоредување и унапредување во транспарентна постапка

Член 111

(1) За распоредување и унапредување на работниците во транспарентна постапка, министерот со решение формира посебни комисии.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член, се во состав:

- претседател - работник од Министерството;
- три члена - работници од Министерството, од кои еден е променлив член и е раководител на организациската единица каде е систематизирано работното место за кое се спроведува постапка за распоредување, односно унапредување;
- еден член - претставник на репрезентативниот синдикат во Министерството, односно по еден член- претставник на репрезентативните синдикати во Министерството, доколку има повеќе репрезентативни синдикати и
- секретар - записничар, без право на глас.

(3) Претседателот и членовите на комисиите од ставот (2) на овој член, имаат свои заменици.

(4) Комисиите од ставот (1) на овој член, одлучуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на составот на Комисијата.

(5) Во процесот на селекција за распоредување и унапредување во транспарентна постапка, комисиите задолжително спроведуваат интервју со сите работници кои ги исполнуваат условите согласно овој закон.

(6) Кога во постапката за унапредување, работникот за првпат се унапредува на работно место во категоријата раководни работници, комисијата со тој работник задолжително спроведува писмено тестирање за раководење согласно член 104 став (5) од овој закон.

(7) Во постапката за распоредување и унапредување на работници на работните места во категоријата извршители за работно место позиционирано со вид ,,главен", комисијата задолжително со кандидатите спроведува писмено тестирање согласно член 92 став (5) од овој закон за областа во која спаѓаат работните задачи утврдени за работното место на кое работникот се распоредува односно унапредува, согласно Каталогот на обуки во Министерството.

(8) Во постапката спроведена по објавениот интерен оглас, комисиите од ставот (1) на овој член изготвуваат записник со ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени за работното место за кое е објавен интерниот оглас.

(9) Во постапката за распоредување односно унапредување по објавен интерен оглас, избран е работникот кој е прворангиран на ранг-листата од ставот (8) на овој член.

Начин на вршење на распоредување и унапредување

Член 112

1) Распоредување и унапредување на работник се врши со решение што го донесува министерот или од него овластен раководен работник.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, задолжително содржи образложение во кое се образложени причините поради кои се врши распоредувањето односно унапредувањето.

(3) На работник кој од неоправдани причини во рок од три дена од денот на врачувањето на решението не се јави на работното место на кое е распореден или унапреден, Министерството му го откажува договорот за вработување.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член работникот има право на жалба, кој во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, се поднесува преку Министерството до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(5) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член, не го одлага извршувањето на решението.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Значење и цел на оценувањето

Член 113

Оценувањето на работата на работниците во Министерството е основа за следење и унапредување на работата на работниците во Министерството, што е од значење за нивниот кариерен развој и нивното унапредување, а има за цел остварување на стратешките цели и планови на Министерството.

Континуирано следење на работата на работниците

Член 114

(1) Непосредниот раководен работник е должен континуирано да ја следи работата на работниците со кои раководи, на месечно ниво во текот на целата календарска година и по потреба да предлага мерки за подобрување на нивната работа.

(2) Доколку во процесот на следење на работата на работникот, непосредно раководниот работник утврди дека работникот чија работа се следи, не ги исполнил поставените цели односно покажува незадоволителни резултати, не покажува потребна стручност и компетентност, има значителни грешки во работата и постапувањето, работните задачи ги извршува ненавремено односно не покажува интерес за квалитетот на извршување на работните задачи, истиот ќе започне постапка за подобрување на ефектот на работата на тој работник .

(3) Во постапката за подобрување на ефектот на работата на работникот се предлагаат дополнителни обуки и се изрекува писмено укажување во кое работникот се предупредува за можноста да биде оценет со негативна оценка доколку и покрај укажувањата и предложените мерки, до истекот на годината за која се врши оценувањето, не го подобри своето работење.

Критериуми за оценување на работниците

Член 115

Оценување на работник во Министерството се врши врз основа на критериумите што се однесуваат на резултатите од неговата работа, како и личните квалитети што тој ги покажал во текот на работењето, и тоа:

- стручност;
- обем на работа (колку работа завршил);
- правовременост (кога ги завршил работите),
- самостојност;
- креативност;
- прецизност;
- доверливост;
- соработка;
- организирање на работата;
- интердисциплинарност;

- однос кон странките;
- комуникација и
- други способности поврзани со работата.

Видови на оценки

Член 116

Оценување на работникот се врши со следните оценки:
- „особено се истакнува" - оценка ,,5", со вредност од 4.51 до 5.00;
- „се истакнува" - оценка ,,4", со вредност од 3.51 до 4.50;
- „задоволува" - оценка ,,3", со вредност од 2.51 до 3.50;
- „делумно задоволува" - оценка ,,2", со вредност од 1.51 до 2.50 и
- „не задоволува" - оценка ,,1", со вредност од 1.00 до 1.50.

Оценување на работата на работниците

Член 117

(1) Работата на работниците во Министерството, се оценува во два оценувачки циклуси: на полугодишно и годишно ниво, со една годишна заклучна оценка. Заклучната годишна оценка претставува просек од оценките на работникот добиени во текот на двата оценувачки циклуси на оценување во тековната година. Ако работникот не е оценет во едниот циклус на оценување, заклучната оценка е оценката од оценувачкиот циклус кога е оценет работникот, ако работел на тоа работно место повеќе од шест месеци во календарската година.

(2) Оценувањето на работникот го врши непосредниот раководен работник (во натамошниот текст: оценувачот).

(3) Контрола на работата на работникот врши непосредниот раководен работник на оценувачот (во натамошниот текст: контролорот).

(4) Во случаите кога контролорот не се согласува со оценката на оценувачот, оценувањето го врши контролорот.

(5) Оценувачот и контролорот задолжително треба да поседуваат сертификат за завршена обука за оценувач издадена од Полициската академија и пред да го започне процесот на оценување во неговата организациска единица, треба да биде оценет од страна на неговиот непосреден раководен работник со оценка не пониска од „задоволува". Ако раководителот е оценет со оценка помала од „задоволува", оценувањето го врши повисокиот раководен работник во организациската единица во која работи работникот кој се оценува, кој поседува сертификат за завршена обука за оценувач издадена од Полициската академија и е оценет со оценка не пониска од „задоволува".

(6) Оценувачот во процесот на оценување го оценува квалитетот, ефективноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на планот на организациската единица, реализацијата на индивидуалниот план за стручно усовршување и однесувањето на работникот.

(7) Оценувачот е должен најдоцна до 30 јануари наредната година, до надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси, да достави извештај на годишни оценки за сите работници.

(8) Оценување не се врши на:

- работници кои работеле помалку од три месеци во еден циклус на оценување, односно помалку од шест месеци во текот на календарската година и
- приправници.

Субјект надлежен за оценување на работникот во одредени специфични случаи

Член 118

(1) Доколку во организациската единица во која работникот работи нема раководен работник, оценувањето го врши повисокиот раководен работник, кој задолжително треба да ги исполнува условите од член 117 став (5) од овој закон.

(2) Раководниот работник во организациската единица кој во текот на годината е распореден односно унапреден на друго работно место или на кого ќе му престане работниот однос во Министерството, задолжително изготвува писмен извештај за работата на работниците со кои дотогаш раководел. Во овие случаи, оценувањето на работниците го врши новиот непосреден раководен работник, врз основа на писмениот извештај на претходниот непосреден раководен работник.

(3) Оценувањето на полициски службеник упатен во Истражен центар на јавното обвинителство, се врши од страна на лицето од ставот (1) на овој член, на начин утврден во договорот од членот 40 од овој закон.

Право на жалба

Член 119

(1) Работникот кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на доставувањето на образецот за оценување, да поднесе жалба до комисиите за преиспитување на оценката што ги формира министерот.

(2) По жалбата на полицискиот службеник упатен во Истражен центар на јавното обвинителство се постапува на начин утврден во договорот од членот 40 од овој закон.

(3) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од претседател – работник на Министерството, двајца членови – работници на Министерството и еден член - претставник на репрезентативниот синдикат во Министерството, односно по еден член- претставник од репрезентативните синдикати во Министерството, доколку има повеќе репрезентативни синдикати, Во работата на Комисијата учествува и секретар-записничар, без право на глас.

(4) Претседателот, членовите и претставникот/ците на репрезентативниот/те синдикат/и на комисиите од ставот (1) на овој член, имаат свои заменици.

(5) Комисиите од ставот (1) на овој член, одлуките ги носат со мнозинство гласови од вкупниот број на составот на Комисијата.

XI. ПЛАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Плата

Член 120

(1) Работникот во Министерството има право на плата согласно овој закон, колективен договор и договорот за вработување.

(2) Платата се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец, за претходниот месец.

Составни делови на плата

Член 121

(1) Платата на работникот во Министерството се состои од:

1. основна плата;
2. вреднување на работното искуство на работникот;
3. додатоци на плата за работно место, доколку се утврдени за работното место на работникот во актот од членот 127 од овој закон и
4. додатоци на плата за работа по други основи.

(2) На министерот, заменикот на министерот и државниот секретар се утврдува зголемување на основната плата за 20%, а на директорот на Бирото и заменикот на директорот зголемување на основната плата за 30%.

Основна плата

Член 122

(1) Со основната плата се вреднува видот на работното место во Министерството, имајќи ги предвид степенот на образование и хиерархиската поставеност на работните места.

(2) Основната плата се изразува во бодови.

(3) Основната плата се утврдува поединечно за секој вид на работно место во:

- кабинетите;
- категоријата „раководни работници" и
- категоријата „извршители".

(4) Основната плата за работните места со статус полициски службеник е повисока за 10% во однос на основната плата за работните места со статус „овластено службени лице за вршење стручни работи".

(5) Основната плата утврдена за најнискиот вид на работно место во категоријата извршители со средно образование не може да биде пониска од минималната плата во државата утврдена со закон.

Утврдување на вредноста на бодот за вид на работно место

Член 123

Вредноста на бодот од член 122 став (2) од овој закон ја утврдува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот.

Вреднување на работното искуство на работникот

Член 124

Работното искуство на работникот се вреднува во износ од 0,5 % на основната плата на работникот за секоја завршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Додатоци на плата за работно место

Член 125

(1) За определени работни места во Министерството, може да бидат утврдени додатоци на плата за работно место.

(2) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член се пресметуваат на основната плата на работникот.

(3) Додатоци на плата за работно место од ставот (1) на овој член, се:

- додаток на плата за ниво на работното место;
- додаток на плата за сложеност на работите на работното место;
- додаток на плата за обем на работните задачи;
- додаток на плата заради посебни услови за работа и опасност по живот, односно постоење на висок ризик во извршувањето на работите и задачите на работниците на определени работни места и
- додаток на плата заради влијание на пазарот на трудот и одливот на кадри или задржување на стручни кадри, како и потребите на Министерството за определени струки и образовни профили кои се неопходни за непречено вршење на надлежностите на Министерството. Министерството еднаш годишно врши преиспитување на работните места за кои е утврден овој додаток на плата.

(4) За определено работно место во хиерархијата на работни места во Министерството може да бидат утврдени еден или повеќе додатоци од ставот (3) на овој член.

Додатоци на плата за работа по други основи

Член 126

(1) Додатоци на плата за работа по други основи се:

- работа подолга од полното работно време (прекувремена работа);
- работа во недела;
- работа за време на празници и неработни денови утврдени со закон;
- работа ноќе;
- работа во смени и
- домашно дежурство.

(2) Висината на додатоците на плата за работа од ставот (1) на овој член, се утврдени во Колективниот договор на Министерството.

(3) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член, се пресметуваат на основната плата на работникот.

Утврдување на бодови и додатоци на плата за работните места

Член 127

Бодовите за видовите на работните места за пресметување на основната плата на работниците во Министерството и додатоците на плата за работните места се утврдуваат во акт за плата за работните места во Министерството, кој го донесува министерот во согласност со најбројниот репрезентативен синдикат во Министерството.

Утврдување на плата на работник во случај на распоредување и унапредување

Член 128

Кога работник се распоредува или унапредува на определено работно место согласно одредбите на овој закон, му се утврдува плата која се состои од:

1. основна плата;

2. додатоци на плата за работно место, доколку се утврдени за работното место на кое се распоредува, односно унапредува работникот, согласно актот за плата за работните места во Министерството и

3. зголемување на основната плата за вредноста на работното искуство на работникот.

Наградување за работна успешност

Член 129

(1) Работникот се наградува за работна успешност сразмерно на извршените работи на работното место на кое работи, односно доверените работи и неговиот придонес во вкупното работење на организациската единица во која работи и Министерството во целина.

(2) Наградувањето од ставот (1) на овој член, се врши на начин утврден во Колективниот договор на Министерството.

1. ПЛАТА НА ПРИПРАВНИК И ПЛАТА НА РАБОТНИК ЗА ВРЕМЕ НА ОБУКА

Плата на приправник и плата за време на обука на работник кој нема статус на приправник

Член 130

(1) Платата на приправник се утврдува во висина од 80% од износот на основната плата утврдена за работното место за кое е склучен договорот за вработување, но не помалку од бруто минималната плата во државата утврдена со посебен закон.

(2) За време на обуката на работникот кој нема статус на приправник му се исплаќа плата во висина од 80% од основната плата утврдена за работното место за кое е склучен договорот за вработување, но не помалку од бруто минималната плата во државата утврдена со посебен закон.

Плата за време на обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место

Член 131

За време на обуката заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на работното место на кое е распореден, на работникот му се исплаќа 80% од платата утврдена за работното место на кое се распоредува, но не помалку од бруто минималната плата во државата утврдена со посебен закон.

2. НАДОМЕСТОЦИ НА ПРИПАДНИК НА РЕЗЕРВЕН СОСТАВ

Надоместоци што им припаѓаат на припадниците на резервниот состав

Член 132

(1) За извршување на работите и задачите на припадниците на резервниот состав им припаѓаат следниве надоместоци:

- надоместок за извршување на работите и задачите;
- трошоци за сместување;
- еднократна парична помош во случај на смрт, повреда или оштетување на организмот;
- погребни и други трошоци и
- други надоместоци на плата утврдени со Колективниот договор на Министерството.

(2) Припадниците на резервниот состав кои се во работен однос или вршат самостојна дејност, примаат паричен надоместок по основ на невработеност или примаат пензија, имаат право на паричен надоместок во висина на плата или надоместок исплатен за последниот месец пред повикувањето или ангажирањето, односно во висина на пензијата.

(3) Припадниците на резервниот состав кои не се во работен однос имаат право на паричен надоместок во висина на нето платата на работник во Министерството на работно место полицаец, за полно работно време.

(4) Припадниците на резервниот состав од ставот (2) на овој член, имаат право и на разлика од надоместокот до висината на нето платата на работник во Министерството на работното место полицаец, доколку надоместокот е понизок од платата.

(5) Висината на другите надоместоци од ставот (1) на овој член, се утврдува со Колективниот договор на Министерството.

(6) Средствата за надоместоците од ставот (1) на овој член, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

XII. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Должности на работникот при вршење на работите

Член 133

(1) Работникот во Министерството е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи.

(2) Работникот во Министерството е должен да ја врши својата работа непристрасно и без влијание, да не се раководи од своите лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот што ги има и да го штити угледот на Министерството.

Должност за извршување на наредба

Член 134

Работник во Министерството е должен да изврши наредба издадена од министерот или од него овластен раководен работник, во врска со извршување на внатрешните работи на Министерството, освен ако извршувањето на наредбата претставува кривично дело.

Наредба за извршување на итни, неодложни и специфични работни задачи

Член 135

(1) Министерот или од него овластен раководен работник може да издаде писмена наредба со која на работник му наредува да врши задачи во истата или во друга организациска единица различна од организациската единица во која работникот работи.

(2) Наредбата од ставот (1) на овој член, се издава за извршување на итни, неодложни и специфични задачи чиј обем, сложеност и времетраење ги надминува расположливите ресурси на одредена организациска единица во Министерството.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради извршување на итни и неодложни задачи, наредбата може да се издаде во усна форма, која се изготвува во писмена форма по создавање на услови за тоа, но не подолго од 24 часа.

(4) Извршувањето на задачите од ставот (2) на овој член, за кои е издадена наредбата, може да трае најмногу до 30 дена.

(5) Наредбата од ставот (1) на овој член, не се издава за извршување на задачи од страна на полициски службеник упатен во истражен центар на јавното обвинителство.

Обврска за чување на тајноста на податоците и информациите

Член 136

(1) Работникот во Министерството е должен да ја чува тајноста на информациите и податоците за кои дознал во вршењето или по повод вршењето на внатрешните работи, а кои согласно закон или пропис донесен врз основа на закон претставуваат личен податок или се определени со соодветен степен на класификација.

(2) Обврската за чување на тајноста на податоците и информациите од ставот (1) на овој член, трае и по престанокот на работниот однос во Министерството.

Право на осигурување

Член 137

Министерството е должно да ги осигури работниците во Министерството за случај на смрт, телесно оштетување, или губење на работната способност.

Право во случај на губење на живот на работник во Министерството и права на граѓанин поради укажување на помош на работник во Министерството

Член 138

(1) Работник во Министерството кој при вршењето или во врска со вршењето на работите го загуби животот, ќе се погребе на трошок на Министерството, а на семејството на работникот му припаѓа еднократен паричен надоместок во висина на вкупниот износ од остварените нето плати во последните 12 месеци.

(2) Граѓанин кој на барање од работник во Министерството му укаже помош при вршење на работите и при тоа биде повреден, настапи болест како последица или во врска со активностите што ги преземал и поради тоа биде спречен за работа најмалку три месеца, а не е осигурен по друг основ има право на лекување на трошок на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, а во случај да стане неспособен за работа, ги има истите права од пензиско-инвалидско и здравствено осигурување како и лицата кои претрпеле несреќа на работа.

(3) Ако при укажувањето на помошта од ставот (2) на овој член, граѓанинот го загуби животот, семејството ги има правата од ставот (1) на овој член и правата од пензиско осигурување како семејство на работник во Министерството кој го загубил животот во вршењето на работите и задачите.

Право на штрајк

Член 139

(1) Работниците во Министерството правото на штрајк можат да го остваруваат на начин и под услов битно да не се нарушува редовното извршување на внатрешните работи.

(2) Заради спречување на евентуални штетни последици од неизвршување на внатрешните работи за време на штрајкот, министерот или од него овластен работник е должен да обезбеди потребно функционирање на организациските единици во процесот на работата.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, работниците се должни да постапуваат по соодветните наредби.

(4) Доколку работниците не постапат согласно ставот (3) на овој член, министерот, односно од него овластен работник е должен да го обезбеди остварувањето на работниот процес со заменување со соодветни работници.

Обврска за најавување на штрајк

Член 140

Организаторот на штрајкот е должен да го најави штрајкот на министерот и да ја достави одлуката за стапување во штрајк, како и програмата за начинот и обемот на вршење на работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот, најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

Работи што се вршат за време на штрајк

Член 141

За време на организиран штрајк во Министерството неопходно е да се извршуваат работите и задачите:

- за организирање и сервисирање на телекомуникациските и информатичките системи и системот на криптозаштита, за неодложни потреби,
- за издавање на лични исправи (патна исправа, лична карта, сообраќајна и возачка дозвола) на граѓаните за неодложни потреби и
- други работи и задачи согласно посебен закон.

Забрана за штрајк

Член 142

(1) Се забранува штрајк во Министерството во воена, вонредна или кризна состојба.

(2) Во случај на сложена безбедносна состојба, нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, природни непогоди и епидемии или загрозување на животот и здравјето на луѓето и имотот во поголем обем, во штрајк истовремено не може да учествуваат повеќе од 10% од работниците во Министерството и штрајкот не може да трае подолго од три дена.

(3) Доколку штрајкот започнал пред настапувањето на кој било од случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, работниците во Министерството се должни штрајкот веднаш да го прекинат.

Награди, благодарници и признанија

Член 143

На работниците во Министерството и на други лица во согласност со посебен акт на министерот може да им се доделуваат награди, благодарници и признанија.

Право на неплатено отсуство

Член 144

(1) Работник во Министерството на негово барање, а со согласност со министерот, има право на неплатено отсуство во времетраење од најмногу две години, поради стручно усовршување кое не е финансирано од страна на Министерството.

(2) Пред отпочнување на користење на правото од ставот (1) на овој член, работникот задолжително потпишува изјава дека истото ќе го користи исклучиво за целта за која е наменето согласно одредбите од овој закон.

(3) Работникот во Министерството е должен во рок од 15 дена по завршување на неплатеното отсуство од ставот (1) на овој член, да се врати на работа и има право да биде распореден на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка што ја имал пред да замине на неплатено отсуство.

(4) За време на неплатеното отсуство од ставот (1) на овој член, на работникот му мируваат правата од работниот однос.

Работно време подолго од со закон пропишаниот максимум

Член 145

Работното време на работниците во Министерството може да трае и подолго од со закон пропишаниот максимум во работната недела, во услови кога се извршуваат неодложни работи и задачи од членот 2 од овој закон или во врска со тие работи и задачи.

Одлагање, односно прекин на годишниот одмор

Член 146

(1) Кога неодложни потреби на Министерството тоа го бараат, министерот или од него овластен работник може на работникот да му го одложи, односно прекине користењето на годишниот одмор.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, работникот има право на надоместок на стварните трошоци настанати со одложувањето, односно прекинувањето на годишниот одмор.

Право на надоместок на плата во случај на привремена неспособност за работа

Член 147

(1) На работникот во Министерството во случај на привремена неспособност за работа настаната во вршење или по повод вршењето на работите и задачите му припаѓа надоместок на плата, за време на отсуството од работа, согласно закон.

(2) Исплатата на надоместокот на плата од ставот (1) на овој член, се врши од страна на Министерството, сè додека трае отсуството од работа.

Право на извршување на определени работи надвор од работното време

Член 148

(1) Работникот во Министерството, по претходна согласност на министерот, а на предлог од посебна комисија во Министерството, може да извршува определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност што не се во судир со внатрешните работи.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, ја формира министерот и истата е составена од претседател, четири члена, нивни заменици и секретар.

(3) Согласноста од ставот (1) на овој член, министерот ја дава во постапка и под услови утврдени со прописите од областа на работните односи.

(4) Работникот во Министерството дејноста од ставот (1) на овој член, должен е да ја врши надвор од работното време на Министерството и на начин, вршењето на таа дејност да не влијае врз законското и правилното извршување на внатрешните работи.

Право за остварување парично побарување пред поведување на судска постапка

Член 149

(1) Доколку работник на Министерството смета дека има право за остварување парично побарување согласно одредбите од овој закон, доставува писмено барање до Министерството, со цел остварување на правото пред поведување на судска постапка.

(2) По барањето од ставот (1) на овој член, Министерството е должно да достави одговор до работникот во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Забрана за членување, основање, раководење, застапување, претставување, членување во раководство на политичка партија и истакнување партиски симболи

Член 150

(1) Работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.

(2) Работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски да се организира или дејствува во Министерството.

(3) Секој работник во Министерството е должен на секои три години да достави писмена изјава дека не е член на политичка партија, не е основач, не раководи, не застапува и претставува политичка партија, односно не е член на органи и тела на политичка партија. Писмената изјава се доставува до надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси и истата се чува во персоналното досие на работникот.

(4) Контрола над спроведувањето на одредбите на овој член, врши надлежната организациска единица за внатрешна контрола.

XIII. ОТКАЖУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Прекинување на договор за вработување

Член 151

(1) На работник во Министерството, му се прекинува договорот за вработување согласно условите утврдени со овој или посебен закон.

(2) Решението за прекинување на договорот за вработување од ставот (1) на овој член, го донесува министерот.

(3) Работникот од ставот (1) на овој член, има право на жалба против решението за прекинување на договорот за вработување во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(4) Жалбата против решението од ставот (2) на овој член, не го одлага извршувањето на решението.

Откажување на договор за вработување

Член 152

Откажување на договор за вработување во Министерството се врши заради утврдена дисциплинска одговорност на работникот согласно овој закон, како и во други случаи утврдени со овој и посебен закон.

Други случаи за откажување на договорот за вработување

Член 153

На работникот во Министерството му се откажува договорот за вработување и во случај, ако:

- биде оценет со оценка ,,не задоволува" двапати последователно или во последните пет години најмалку три пати;
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување;
- по втор пат не го положи приправничкиот испит предвиден согласно одредбите од овој закон;

- во рок од 15 дена по завршувањето на неплатеното отсуство не се врати на работа согласно членот 144 од овој закон или
- од неоправдани причини во рок од три дена од денот на врачувањето на решението за распоредување, односно унапредување не се јави на работното место на кое е распореден односно унапреден.

Откажување на договорот за вработување поради правосилна пресуда

Член 154

(1) Министерството може на работникот да му го откаже договорот за вработување ако на работникот со правосилна одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос или ако му е изречена воспитна, заштитна или безбедносна мерка поради која не може да врши работи подолго од шест месеца или ќе мора заради издржување на затворска казна да биде отсутен од работа повеќе од шест месеци.

(2) Решението за откажување на договорот за вработување согласно ставот (1) на овој член, го донесува министерот.

Причини поради кои не може да се откаже договорот за вработување

Член 155

Договорот за вработување не може да се откаже поради:

1) членство во синдикат или учество во синдикални активности во согласност со закон и колективен договор;

2) поднесување на тужба или учество во постапка против Министерството во врска со кршење на договорните и други обврски од работниот однос пред арбитражни, судски, управни и други органи;

3) одобрено отсуство заради болест или повреда, бременост, раѓање и родителство, нега на член на семејството и неплатеното родителско отсуство;

4) користење на одобрено отсуство од работа и годишен одмор;

5) обука за потребите на работодавачот и

6) случаи на мирување на работниот однос утврдени со закон.

Прекинување на договор за вработување со навршени години пензиски стаж

Член 156

(1) Министерството ги прекинува договорите за вработување на работниците по сила на закон, со навршување на 40 години пензиски стаж на работникот, без оглед на неговите години на возраст.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Министерството може да го прекине договорот за вработување на работник - жена на нејзино барање и со навршување на 38 години пензиски стаж, без оглед на нејзините години на возраст.

(3) Старосната пензија од ставовите (1) и (2) на овој член, се утврдува во висина од 80% од просечната месечна нето-плата што работникот ја остварил во текот на најповолните десет години од пензиски стаж.

(4) На работниците кои правото на пензија го стекнале во периодот од 1 јануари 1994 година до 20 март 2010 година согласно со одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12), ќе им се изврши нова пресметка на износот на пензијата од страна на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, согласно со ставот (3) на овој член, во зависност од исполнетиот пензиски стаж во Министерството, кој не може да биде пократок од 35 години за жени и 37 години за мажи, така што пензиската основица ќе се намали за 0,5 % за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години.

(5) Правото на користење на ново пресметаниот износ на пензијата од ставот (4) на овој член, работниците ќе го остваруваат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесување на барањето за остварување на правото на пензија.

Право на еднократен надоместок во вид на отпремнина

Член 157

На работник кој стекнал право на пензија му следува еднократен надоместок во вид на отпремнина, во висина од пет просечни месечни нето плати остварени по работник во Република Северна Македонија, објавена до денот на исплатата.

XIV. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ, ОДНОСНО НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Должност за навремено и квалитетно извршување на работите и задачите сврзани за работното место

Член 158

Работникот е должен навремено и квалитетно да ги извршува работите и задачите утврдени со неговото работно место, да ги почитува правилата и прописите и да гради стручна и професионална одговорност, да ги чува средствата за работа и со нив одговорно да ракува и да ги користи.

Одговорност на работниците за штетата

Член 159

(1) Работник кој ќе предизвика штета на Министерството во работата, односно во врска со работата е должен да ја надомести.

(2) Штетата од ставот (1) на овој член, предизвикана за време на упатувањето на полицискиот службеник во истражниот центар на јавното обвинителство, должен е да ја надомести полицискиот службеник упатен во истражниот центар на јавното обвинителство.

Одговорност за штета предизвикана од повеќе работници

Член 160

(1) Ако штетата ја предизвикале повеќе работници, секој работник е одговорен за делот од штетата што ја предизвикал.

(2) Ако за секој работник поединечно не може да се утврди делот на штетата што ја предизвикал, се смета дека сите работници се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови.

(3) Ако повеќе работници предизвикале штета со намерно казниво дејствие, за штетата одговараат солидарно.

Комисии за утврдување на материјална одговорност

Член 161

(1) За водење постапка за утврдување на материјална одговорност на работник во Министерството се формираат комисии за утврдување на материјална одговорност.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член, ги формира министерот и се составени од претседател, двајца членови и нивни заменици. Во работата на Комисијата учествува и секретар-записничар, без право на глас. Комисиите одлуките ги носат со мнозинство гласови од вкупниот број на составот на Комисијата.

Пријавување на штетата

Член 162

(1) Секој работник има право и должност да пријави причинета штета.

(2) Пријавата за штета се поднесува до подносителите на барањето од членот 163 од овој закон.

Поведување на постапка за надоместок на штета

Член 163

(1) Постапката за надоместок на штетата се поведува со барање.

(2) Барање за надоместок на штета може да поднесат министерот, директорот на Бирото, раководниот работник или раководителот на соодветната организациска единица.

(3) Постапката за надоместок на штета причинета од полициското службеник упатен во истражниот центар на јавното обвинителство, се поведува од страна на надлежниот јавен обвинител на истражниот центар каде е упатен полициското службеник, на начин утврден во договорот од членот 40 од овој закон.

Водење на постапка за надомест на штета

Член 164

Начинот за утврдување на одговорност на работникот во Министерството за причинета штета се води согласно Колективниот договор на Министерството.

Ослободување од плаќање надомест на штета

Член 165

(1) Министерот може да го ослободи работникот од плаќање надоместок на штета во целост или делумно, во случај кога работникот според својата општа имотна состојба не е во можност да ја надомести штетата без последици за своето нужно издржување, како и за издржувањето на своето семејство.

(2) Решение за ослободување од плаќање надоместок на штета донесува министерот на предлог на посебна комисија и на начин утврдени со Колективниот договор на Министерството.

(3) Постапката за ослободување од плаќање надоместок на штета се поведува врз основа на посебно образложено писмено барање поднесено од работникот кој е задолжен да ја надомести штетата.

XV. ПРЕД-ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА – МЕХАНИЗАМ ЗА РАНА ПРЕВЕНЦИЈА И МЕХАНИЗАМ ЗА РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

1. Механизам за рана превенција

Член 166

Министерството презема мерки и активности со цел превенција од поведување на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност (механизам за рана превенција).

Член 167

(1) Организациската единица надлежна за дисциплински постапки врши анализа на случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски од страна на работниците во организациските единици во Министерството, со цел утврдување на слабостите и причините за негативните резултати од работењето и остварување рана превенција од поведување на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност.

(2) Организациската единица од ставот (1) на овој член, предлага соодветни мерки до раководителите на организациските единици со цел подобрување на работните процеси и ефикасноста на работниците.

2. Механизам за рана интервенција

Член 168

(1) Во случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Министерството и договорот за вработување, кога нивното сторување нема за последица нарушување на угледот на Министерството и не е предизвикана штета од поголеми размери, може да се применат мерки и активности насочени кон подобрување на однесувањето на работникот и соодветно извршување на неговите работни задачи (механизам за рана интервенција).

(2) Мерките и активностите од ставот (1) на овој член, ги применува:

- непосредниот раководител на работникот;
- раководителот на организациската единица во која работи работникот или
- надлежната организациска единица за внатрешна контрола.

(3) Мерките и активностите како дел од рана интервенција, согласно ставовите (1) и (2) на овој член, се состојат во укажување на работникот за неговото несоодветно однесување односно несоодветно извршување на работните задачи со посочување да го подобри своето работење, како и укажување за можноста за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност доколку не го подобри своето однесување односно работење.

(4) Со укажувањето од ставот (3) на овој член, може да се препорача дополнителна обука/професионално усовршување на работникот, која ќе се спроведе согласно прописите со кои се уредува обуката на работниците во Министерството.

(5) Укажувањето од ставот (3) на овој член, може да биде усно и писмено.

(6) За усното укажување се изготвува службена белешка.

(7) Писменото укажување се изготвува во два примерока, од кои едниот примерок му се врачува на работникот и истото содржи:

- лично име на работникот;
- работно место на кое е распореден и назив на организациската единица;
- временски период за кој е утврдено несоодветно однесување односно несоодветно извршување на работните задачи;
- краток опис на работната задача што не е извршена или неквалитетно е извршена, односно краток опис на однесувањето на работникот;
- вид на обука за работникот (доколку е препорачано нејзино спроведување);
- временски период во кој се очекува подобрување на однесувањето и работењето на работникот и
- последици што ќе настанат во случај доколку работникот не го подобри своето однесување односно работење.

(8) Писменото укажување се чува во персоналното досие на работникот во период од 30 до 90 дена, во кој се очекува подобрување на однесувањето и работењето на работникот.

XVI. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

Причини за дисциплинска одговорност

Член 169

(1) За кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, работникот во Министерството одговара дисциплински.

(2) За причините од ставот (1) на овој член настанати во истражниот центар на јавното обвинителство, дисциплински одговара полицискиот службеник кој е упатен во истражен центар на јавното обвинителство, за време додека трае упатувањето.

(3) Дисциплинската постапка против полицискиот службеник од ставот (2) на овој член се поведува со писмена иницијатива на надлежниот јавен обвинител од истражниот центар каде е упатен полицискиот службеник.

(4) Иницијативата од ставот (3) на овој член се доставува до Министерството.

(5) Начинот на постапување по иницијативата од ставот (3) на овој член, за утврдување на дисциплинска одговорност на работникот од ставот (2) на овој член, се утврдува во договорот од членот 40 од овој закон.

(6) За конечната одлука донесена по спроведена дисциплинска постапка се известува подносителот на иницијативата од ставот (3) на овој член.

Дисциплинска одговорност на работник по иницијатива на Народниот правобранител

Член 170

Дисциплинската постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на работникот во Министерството може да се поведе и по иницијатива покрената од Народниот правобранител.

Случаи кога дисциплинската одговорност не се исклучува

Член 171

Одговорноста за извршено дејствие што претставува кривично дело кое се гони по службена должност или предлог или извршен прекршок против јавниот ред и мир, не ја исклучува дисциплинската одговорност на работникот во Министерството.

Видови на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

Член 172

Работник во Министерството одговара дисциплински за полесни и потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

Полесни случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

Член 173

Работникот врши полесно кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Министерството и договорот за вработување, доколку:

1) не го почитува работниот ред и дисциплина;

2) не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време;

3) не побара отсуство или навремено писмено не го извести министерот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник за отсуството од работа;

4) поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести министерот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник;

5) со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;

6) настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести министерот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник;

7) не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно прописите од областа на заштитата при работа;

8) незаконски или неовластено ги користи средствата на Министерството;

9) не укажува правна и друга помош во рамки на своите овластувања на странката во остварување на нејзините законски права и правни интереси;

10) избегнува обука;

11) постапува спротивно на правилата и прописите на Министерството со полесни последици од повредата и

12) не поднесе изјава за имотна состојба и интереси, односно не го пријави секое зголемување на својот имот, односно на имотот на член од неговото семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон.

Потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

Член 174

Работникот врши потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Министерството и договорот за вработување, доколку:

1) неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;

2) го злоупотреби боледувањето;

3) не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;

4) не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;

5) не се придржува кон прописите од областа на здравствената заштита, заштитата при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите од областа на заштитата на животната средина;

6) внесе, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;

7) стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Министерството;

8) оддаде класифицирана информација;

9) изврши злоупотреба на лични податоци или ги прекрши прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци;

10) постапува спротивно на правилата и прописите на Министерството со потешки последици од повредата;

11) го злоупотреби или пречекори даденото овластување;

12) избегнува лекарски преглед заради утврдување на работната способност;

13) предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;

14) непристојно се однесува спрема странки;

15) противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;

16) изврши послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите;

17) врши определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност под услови спротивно на овој закон;

18) не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластените органи или граѓани;

19) изврши дејствие што претставува кривично дело кое се гони по службена должност или предлог или изврши прекршок против јавниот ред и мир;

20) членува во политичка партија, основа, раководи, застапува, претставува политичка партија, членува во органите на партијата утврдени со нејзиниот статут, изразува и застапува партиски ставови и убедувања во вршењето на работите и задачите, носи или истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски се организира или дејствува во Министерството и

21) има негативен резултат на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација.

Видови дисциплински мерки

Член 175

(1) Во случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Министерството и договорот за вработување, на работник од категоријата „извршители" може со решение да му се изрече една од следните дисциплински мерки:

1) писмено предупредување;

2) парична казна која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење од еден до шест месеци;

3) распоредување на работно место кое е едно место пониско по вид од видот на работното место на работникот;

4) условно откажување на договорот за вработување или

5) откажување на договорот за вработување.

(2) Во случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој закон, на работник од категоријата раководни работници може со решение да му се изрече една од следните дисциплински мерки:

1) писмено предупредување;

2) парична казна која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење од еден до шест месеци;

3) распоредување на работно место во категорија извршители, на работно место позиционирано со вид „главен";

4) условно откажување на договорот за вработување;

5) откажување на договорот за вработување.

(3) При изрекување на дисциплинските мерки од ставовите (1) и (2) на овој член, се земаат предвид степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е сторено кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, околностите под кои е сторена повредата е други олеснителни и отежнителни околности.

(4) Со изрекување на дисциплинската мерка од ставовите (1) точка 4) и (2) точка 4) на овој член се определува дека таа нема да се изврши ако работникот во времето што ќе биде утврдено, а кое не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од една година (време за проверување) не стори ново потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски од членот 174 на овој закон.

(5) Дисциплинските мерки од ставовите (1) и (2) на овој член, може да се изречат и на работниците ангажирани на посебните советодавни работни места во кабинетите од членот 37 од овој закон.

Дисциплински мерки за полесни случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

Член 176

За полесните случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следните дисциплински мерки:

- писмено предупредување или
- парична казна која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење најмногу до три месеци.

Дисциплински мерки за потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

Член 177

(1) За потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, на работник во категоријата извршители се изрекуваат следните дисциплински мерки:

1. парична казна која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење од три до шест месеци;
2. распоредување на работно место кое е едно место пониско по вид од видот на работното место на работникот;
3. условно откажување на договорот за вработување или
4. откажување на договорот за вработување;

(2) За потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, на работник во категоријата раководни работници се изрекуваат следните дисциплински мерки:

1. парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење од три до шест месеци;
2. распоредување на работно место во категорија извршители, на работно место систематизирано со вид „главен";
3. условно откажување на договорот за вработување или
4. откажување на договорот за вработување.

(3) Дисциплинската мерка од ставот (2) точка 2 на овој член, се изрекува само ако се утврди дека раководниот работник со потешкиот случај на повредата од членот 174 на овој закон, при раководењето и носењето на одлуки во раководењето сериозно го нарушил редовното вршење на работите од надлежност на организациската единица со која раководи или предизвикал сериозни последици во однос на нормалното, успешно или ефикасно функционирање на организациската единица со која раководи или на Министерството во целина.

Право на отказен рок

Член 178

Доколку на работник во Министерството поради потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски му биде изречена мерката откажување на договорот за вработување, работникот има право на отказен рок, во траење од еден месец од денот на врачување на решението за откажување на договорот за вработување.

Отсуство од работа за време на отказниот рок

Член 179

За време на отказниот рок Министерството е должно на работникот да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување, четири часа во текот на работната недела.

Право на плата за време на отказниот рок

Член 180

За време на отказниот рок и отсуство од работа заради барање на ново вработување на работникот му се утврдува и исплатува надомест во висина на платата што работникот ја остварил во месецот пред донесувањето на решението за откажување на договор за вработување.

Суспензија

Член 181

Во случаите утврдени со овој закон, за работник во Министерството може да се донесе решение за:

- суспензија со поведување на дисциплинска постапка или
- итна суспензија.

Суспензија со поведување на дисциплинска постапка

Член 182

(1) Работник се отстранува од работното место и од Министерството (суспензија), до донесување на решение во дисциплинската постапка што се води против работникот, ако настане една од следниве ситуации:

- непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност;
- присуството на работа и понатамошната работа во Министерството негативно ќе се одрази врз работата, угледот и интегритетот на Министерството или
- се осуетува или оневозможува утврдувањето на одговорноста за повреда на работните обврски.

(2) Работник може да се отстрани од работното место и од Министерството (суспензија), до донесување на решение во дисциплинската постапка што се води против работникот, доколку против него е поднесена кривична пријава за сторено кривично дело кое се гони по службена должност или предлог.

(3) Решение за суспензија донесува министерот, директорот на Бирото или други работници овластени од министерот.

(4) За време на суспензијата од ставовите (1) и (2) на овој член, на работникот му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 80% од износот на платата што работникот ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(5) Работникот има право на жалба против решението од ставот (3) на овој член, до посебна комисија, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член, е составена од претседател, еден член и еден претставник на репрезентативниот синдикат во Министерството, односно по еден претставник од репрезентативните синдикати во Министерството, доколку има повеќе репрезентативни синдикати. Во работата на Комисијата учествува и секретар-записничар, без право на глас.

(7) Претседателот, членовите и претставникот/ците на репрезентативниот/те синдикат/и во комисијата од ставот (5) на овој член, имаат свои заменици.

(8) Комисијата одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број на составот на Комисијата.

(9) Комисијата одлучува во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата од ставот (5) на овој член.

(10) Решението од ставот (3) на овој член е конечно.

(11) Жалбата против решението од ставот (3) на овој член, не го одложува извршувањето на решението.

Итна суспензија

Член 183

(1) Работник може да се отстрани од работното место веднаш и пред поведување на дисциплинска постапка со решение на министерот, директорот на Бирото или други работници овластени од министерот (итна суспензија).

(2) Решението за итна суспензија се донесува врз основа на писмено образложен предлог на надлежната организациска единица за внатрешна контрола кога постојат основи на сомневање дека работникот сторил кривично дело кое се гони по службена должност или предлог или кога сторил потешко кршење на работниот ред и дисциплина од членот 174 од овој закон и кога поради тоа натамошното присуство на работникот во Министерството негативно ќе се одрази врз работата, угледот и интегритетот на Министерството или со понатамошното присуство на работа работникот ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на неговата одговорност.

(3) Итната суспензија од ставот (1) на овој член, трае до поведување на дисциплинска постапка против работникот, но не подолго од 45 дена од денот на донесување на решението од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку во временскиот период од ставот (3) на овој член, надлежната организациска единица за внатрешна контрола утврди дека нема да се поведе дисциплинска постапка против работникот, итната суспензија престанува веднаш со донесување на решение од министерот, директорот на Бирото или други работници овластени од министерот.

(5) За време на итна суспензија на работникот му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 80% од износот на платата што работникот ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(6) Работникот има право на жалба против решението од ставот (1) на овој член, во рок од два работни дена од денот на приемот на решението, до комисијата од член 182 став (5) од овој закон.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член, одлучува во рок од два работни дена од денот на приемот на жалбата од ставот (6) на овој член.

(8) Решението од ставот (1) на овој член е конечно.

(9) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член, не го одложува извршувањето на решението.

Прекин на дисциплинската постапка

Член 184

(1) Дисциплинската постапка се прекинува, кога:

- ќе се одлучи да се решава по некое претходно прашање или ќе се побара од надлежен орган да достави веродостојни исправи и информации за чие изготвување е потребно подолго време;

- постојат елементарни непогоди на подрачјето каде треба да се одржи расправа за утврдување на дисциплинска одговорност и
- работникот против кого се води дисциплинската постапка се наоѓа во притвор

(2) Прекинот на дисциплинската постапка во случајот од ставот (1) алинеја 3 на овој член, трае до донесување на одлука за укинување на мерката притвор.

(3) За прекин на дисциплинската постапка се донесува одлука.

(4) За времетраење на прекинот на дисциплинската постапка во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, престануваат да течат роковите од членот 185 ставови (3) и (5) од овој закон.

(5) Роковите што престанале да течат поради прекинот на дисциплинската постапка, продолжуваат да течат од денот на донесување на решението за продолжување на постапката, при што рокот за донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка на работникот се продолжува за временскиот период колку траел прекинот.

Решение за изрекување дисциплинска мерка

Член 185

(1) Решение за изрекување дисциплинска мерка од членот 175 од овој закон, донесува министерот на предлог на организациската единица надлежна за спроведување на дисциплинска постапка.

(2) Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи и образложение. Образложението ги содржи наводите во предлогот за поведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност, произнесувањето по наводите во предлогот од страна на работникот против кој се води постапката, фактите што се оценети како утврдени или неутврдени, од кои докази се утврдени тие факти, од кои причини не се прифатени одделни предлози на работникот против кој се води постапката, време и начин на сторување на повредата, околностите кои се земени предвид при изрекување и одмерување на дисциплинската мерка, основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка, како и прописите врз кои е заснована изречената дисциплинска мерка.

(3) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на работникот, министерот е должен да го донесе во рок од шест месеца од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е сторена повредата.

(4) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за поведување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност од овластен подносител.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај кога е известено Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција согласно членот 45 од овој закон, решението за изрекување на дисциплинска мерка за тој работник министерот е должен да го донесе во рок од 12 месеци од денот на приемот на одобрението на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, утврдено со посебен закон.

Жалба на решението за изрекување на дисциплинска мерка

Член 186

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, работникот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Жалбата се поднесува преку Министерството до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(2) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член, не го одлага извршувањето на решението до донесување на конечна одлука по жалбата.

Организациска единица надлежна за спроведување дисциплинска постапка

Член 187

(1) Постапките за утврдување на дисциплинска одговорност во случаите утврдени со овој закон, се водат во посебна организациска единица во Министерството, надлежна за спроведување на дисциплинска постапка.

(2) Организациската единица од ставот (1) на овој член, постапува согласно одредбите од овој закон, Колективниот договор на Министерството и други прописи од предметната област.

XVII. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ЕВИДЕНЦИИ

Обработка на лични податоци и евиденции

Член 188

(1) Министерството обработува лични податоци односно биометриски податоци под услови утврдени со овој и посебен закон и води евиденции за личните односно биометриските податоци за чија обработка е овластено со овој или друг закон.

(2) Министерството е должно личните податоци, односно биометриските податоци кои се вклучени во процесите на обработка веднаш да ги избрише во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините односно условите заради кои личните податоци, односно биометриските податоци биле вклучени во тие процеси.

Начин на собирање лични и други податоци

Член 189

Министерството може да собира лични податоци и други податоци согласно закон, и тоа:

- од лице на кое тие податоци се однесуваат;
- од постојни збирки на податоци, кои согласно закон ги водат надлежни државни органи, јавни институции, установи и други правни лица и
- под други услови утврдени со закон.

Евиденции и лични податоци во евиденциите

Член 190

(1) Министерството води евиденции за:
- работниците во Министерството;
- платите и
- повредите при работа.

(2) Во евиденциите од ставот (1) на овој член се обработуваат лични податоци под условите утврдени со посебен закон.

(3) Покрај податоците од ставот (2) на овој член, во евиденциите од ставот (1) алинеја 1 на овој член, се внесуваат и следниве податоци:
- претходни вработувања;
- работно место на кое работникот е распореден односно унапреден, како и податоци за работните места на кои претходно бил распореден односно унапреден;
- унапредувања на работникот;
- оценувања;
- звање со кое се стекнал работникот;
- дозволен пристап до класифицирани информации;
- доделени награди, благодарници и признанија;
- изречени дисциплински мерки;
- пензиски стаж остварен во Министерството и
- период до остварување на право на пензија и други.

(4) Личните податоци во евиденциите од ставот (1) на овој член, се обработуваат согласно прописите од областа на заштита на личните податоци.

(5) Покрај евиденциите од ставот (1) на овој член, Министерството може да води и други евиденции под услови утврдени со овој и со посебен закон.

Персонални досиеја на работниците во Министерството

Член 191

Податоците од евиденцијата од член 190 став (1) алинеја 1 од овој закон, се ажурираат и чуваат во персонални досиеја на работниците.

Користење, давање на користење, право на пристап и исправка, чување и користење на лични податоци

Член 192

Личните податоци се користат, се даваат на користење, се овозможува право на пристап до истите и исправка, се чуваат и се користат под услови утврдени со овој закон и прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.

Надзор над обработката на личните податоци и нивна заштита

Член 193

Агенцијата за заштита на личните податоци врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита утврдена со овој и со посебен закон.

XVIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 194

(1) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое постапило спротивно на член 56 став (3) од овој закон.

(2) За прекршокот од членот 56 став (3) од овој закон, овластеното службено лице на Министерството на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог согласно закон.

Член 195

(1) За прекршокот од членот 194 од овој закон, прекршочната постапка ја води прекршочна комисија на Министерството за внатрешни работи.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, е составена од претседател и два члена.

(3) Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја, а членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја.

(4) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од ставот (1) на овој член, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно Законот за прекршоците.

XIX. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

Член 196

(1) Министерот ќе донесе подзаконски прописи за:

- формата и содржината на службена легитимација и значка, начинот на издавање на службена легитимација и значка на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи и формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за издадените легитимации;
- обуката во Министерството;
- начинот на спроведување на селекција и избор на кандидат за полицаец и начинот на работа на комисијата за избор на кандидат за полицаец;
- начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството;
- начинот на спроведување на селекција за распоредување и унапредување и остварување на системот на кариера на работниците во Министерството;
- формата и содржината на безбедносниот прашалник за спроведување на безбедносна проверка на лицето кое заснова работен однос во Министерството;
- формата и содржината на персоналните досиеја на работниците во Министерството и начинот на нивно менаџирање и чување;
- начинот на оценување на работниците, формата и содржината на образецот за оценување како и формата и содржината на извештајот за извршено оценување на работниците во Министерството;
- формата и содржината на Рамката на општи работни компетенции во Министерството;
- цените на обрасците што ги издава Министерството;

- начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет во електронска форма;
- начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација;
- начинот на вршење на работите на надлежната организациската единица за внатрешна контрола;
- платата за работните места во Министерството;
- работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка;
- сродни области и работи кои се вршат во Министерството;
- начинот на обработка и пристап до личните податоци содржани во евиденциите од членот 190 од овој закон;
- начинот на вршење на определени работи и наплата на трошоците за извршената работа, чија вредност се определува по работни часови, број на ангажирани работници, гориво и други материјални и реални трошоци, во зависност од видот на работата што се врши;
- начинот на вршење на работите поврзани со изградба на објекти од значење на безбедноста.

(2) Министерот во согласност со министерот за здравство донесува подзаконски пропис за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во Министерството, начинот на нивно утврдување, начинот на контрола на здравствените и психофизичките способности на работниците со статус на овластени службени лица за вршење стручни работи, како и начинот на работа на здравствената комисија.

XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Донесување на подзаконски акти

Член 197

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен:
- актот за организација и работа на Министерството;
- актот за систематизација на работните места во Министерството;
- Рамката на општи компетенции во Министерството;
- актот за платата за работните места во Министерството;
- актот за утврдување на вредноста на бодот;
- листата на сродни области и работи кои се вршат во Министерството;
- листата на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка и
- актот за начинот на спроведување на селекција за распоредување и унапредување и остварување на системот на кариера на работниците во Министерството,

кои ќе се донесат во рок до 15 март 2026 година.

Комисии за селекција и избор на работници

Член 198

(1) Министерот ќе ги формира комисиите за селекција и избор на работници во Министерството, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член, се составени од претседател, четири члена и нивни заменици. Во работата на комисиите учествува и секретар, без право на глас.

(3) Комисиите од ставот (1) на овој член, ќе извршат селекција и избор на сите работници во Министерството за работните места утврдени со овој закон.

(4) Комисиите од ставот (1) на овој член, го започнуваат процесот на селекција и избор на работници со распишување на интерни огласи за работни места од категоријата раководни работници согласно овој закон.

(5) Во постапките за селекција и избор од ставот (4) на овој член, во однос на условот од член 92 став (1) точка 3 и член 104 став (1) точка 4 и став (8) од овој закон, комисиите од ставот (1) на овој член го имаат предвид видот на работното место на кое работникот е распореден или работи во релација со видот на работното место од член 32 став (1) од овој закони, и тоа:

- работник распореден или кој работи на вид на работно место од категориите Б и В од членот 47 од Законот за внатрешни работи (,,Службен весник на Република Македонија" бр.42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), може да се распореди или унапреди ако видот на работното место од кое се распоредува работникот е соодветно по вид со видот на работното место на кое се распоредува, односно ако работното место на кое се унапредува по вид е најмногу две работни места повисоко од видот на работното место од кое се унапредува;

- работник од работното место во категоријата Г од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), може да се унапреди:

1. на вид на работно место од член 32 став (1) точка 1 од овој закон, ако работникот е распореден на вид на работно место државен советник;

2. на вид на работно место не повисоко од работното место од членот 32 став (1) точка 2 од овој закон, ако работникот е распореден на вид на работно место генерален советник или виш полициски советник;

3. на вид на работно место не повисоко од видот на работно место од членот 32 став (1) точка 3 од овој закон ако работникот е распореден на вид на работно место полициски советник.

- работник распореден или кој работи на вид на работно место од категориите Д и Ѓ од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), може да се унапреди на работно место кое по вид е најмногу две работни места повисоко од видот на работното место од кое се унапредува.

(6) По изборот на работниците во категоријата раководни работници, комисиите во соработка со избраните раководни работници и организациските единици надлежни за управување со човечки ресурси, ги утврдуваат работните места кои ќе се пополнат по потреба на службата, имајќи ги предвид:

- актот за организација и работа на Министерството донесен согласно одредбите од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16,

190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22);

- актот за систематизација на работните места во Министерството („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22);

- актот за организација и работа на Министерството од членот 35 од овој закон;

- актот за систематизација на работните места од членот 36 од овој закон и

- условите утврдени во членот 92 од овој закон.

(7) По утврдување на работните места од ставот (6) на овој член, комисиите од ставот (1) на овој член вршат избор на работници кои ќе бидат распоредени на работните места по потреба на службата согласно овој закон.

(8) За работните места за кои е констатирано дека не може да се пополнат по потреба согласно ставовите (6) и (7) на овој член, комисиите распишуваат интерни огласи и вршат селекција и избор на работници кои ќе бидат распоредени односно унапредени на тие работни места.

(9) Работниците кои не аплицирале односно кои не се избрани на интерен оглас или не се избрани на работни места по потреба на службата согласно ставовите (6) и (7) на овој член, ќе бидат распоредени согласно членот 92 став (1) точки 1, 2 , 4 и 5, ставови (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон, и тоа:

- работник од работно место во категоријата Б нивоа Б1, Б2, Б3 и Б4 и во категоријата В ниво В1 и В2 од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22) се распоредува на работно место во категоријата раководни работници, на работно место кое е соодветно по вид на работното место од кое работникот се распоредува, имајќи ги предвид природата на работните задачи кои ги вршел, областите во кои работел во Министерството, работното искуство во Министерството и слично. Доколку нема слободно таков вид на работно место, работникот се распоредува на друго работно место кое по својот вид е едно место пониско во категоријата раководни работници и следствено на таков пристап, тој работник може да се распореди на друго работно место пониско во хиерархијата на работни места, но не пониско од работно место со вид „„главен";

- работник од работно место во категоријата Б ниво Б5 и во категоријата В ниво В3 од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место во категоријата раководни работници, на работно место кое е соодветно по вид на работното место од кое работникот се распоредува, имајќи ги предвид природата на работните задачи кои ги вршел, областите во кои работел во Министерството, работното искуство и слично. Доколку нема слободно таков вид на работно место, работникот се распоредува на друго работно место кое по својот вид е едно место пониско во категоријата ,,раководни работници" и следствено на таков пристап, тој работник може да се распореди на друго работно место пониско по вид во хиерархијата на работни места, но не пониско од работно место со вид ,,самостоен";

- работник од работно место во категоријата Б нивоа Б6, Б7 и Б8 и во категоријата В нивоа В4, В5 и В6 од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место во категоријата раководни работници, на работно место кое е соодветно по вид на работното место од кое работникот се распоредува, имајќи ги предвид природата на работните задачи кои ги вршел, областите во кои работел во Министерството, работното искуство и слично. Доколку нема слободно таков вид на работно место, работникот се распоредува на друго работно место кое по својот вид е едно место пониско во категоријата ,,раководни работници" и следствено на таков пристап, тој работник може да се распореди на работно место пониско во хиерархијата на работни места, но не пониско од работно место со вид „виш";

- работник од работно место во категоријата Г од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува во категоријата извршители на работно место со вид ,,главен", имајќи ги предвид природата на работните задачи кои ги вршел, областите во кои работел во Министерството, работното искуство и слично;

- работник од работно место во категориите „Д„ „Ѓ" „Е" и „Ж" од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место во категоријата извршители на работно место кое е соодветно на видот на работното место од кое се распоредува работникот, имајќи ги предвид природата на работните задачи кои ги вршел, областите во кои работел во Министерството, работното искуство и слично.

Член 199

Министерот со решение ги распоредува односно унапредува работниците на работните места утврдени во Листата на работни места во Министерството за кои не се спроведува транспарентна постапка согласно одредбите од овој закон.

Член 200

(1) Работниците во Министерството за кои нивниот вид на образование не е утврден како вид на образование за работните места во актот за систематизација кој е донесен согласно овој закон, може да се изберат по потреба на службата на вид на работно место кое е соодветно со видот на работното место на кое е распореден, но не и повисоко по вид од видот на работното место од кое се распоредува.

(2) Работниците од ставот (1) на овој член, е потребно да ги исполнуваат условите од член 92 став (1) точките 1., 2., 4. и 5. и ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон, при што во однос на условот од член 92 став (1) точка 2. од овој закон кој се однесува на видот на образование утврден како посебен услов за работното место во актот за систематизација на работните места, се земаат предвид должината на работното искуство на работникот во Министерството, природата на работите и задачите кои работникот ги вршел во Министерството, областите во кои работел во Министерството, резултатите од неговото работење и слично.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, работниците во Министерството распоредени на работни места во категориите Б, В и Г од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22) за кои нивниот вид на образование не е утврден како вид на образование за работните места во актот за систематизација на работните места од овој закон, кои не се избрани согласно ставот (1) на овој член, ќе бидат распоредени согласно со ставот (2) на овој член и тоа:

- работник од работно место во категоријата Б нивоа Б1, Б2, Б3 и Б4 и во категоријата В нивоа В1 и В2 од членот 47 од Законот за внатрешни работи (,,Службен весник на Република Македонија" бр.42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место со вид ,,главен" согласно овој закон;
- работник од работно место во категоријата Б ниво Б5 и во категоријата В ниво В3 од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место со вид ,,самостоен" согласно овој закон;
- работник од работно место во категоријата Б ниво Б6, Б7 и Б8 и во категоријата В, ниво В4, В5 и В6 од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место со вид ,,виш" согласно овој закон;
- работник од работно место во категоријата Г од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), се распоредува на работно место со вид „главен" согласно со овој закон.

Член 201

(1) Врз основа на членовите 198, 199 и 200 од овој закон, сите работници на Министерството се распоредуваат односно унапредуваат со решение согласно овој закон, сметано од 1 јули 2026 година.

(2) Командирите на полициските станици од општа надлежност избрани согласно одредбите од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/21 и 89/22) до денот на отпочнувањето со примената на овој закон, продолжуваат да работат на раководно работно место „командир на полициска станица од општа надлежност" согласно овој закон.

Член 202

(1) За работниците кои за првпат се унапредени на работно место во категоријата раководни работници согласно овој закон, се организира обука за раководење.

(2) Работникот од ставот (1) на овој член, должен е да ја заврши обуката за раководење согласно овој закон и да го положи тестот за раководење најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на решението за унапредување.

(3) Ако работникот не го положи тестот за раководење во рокот од ставот (2) на овој член, се распоредува по потреба на службата на видот на работното место од кое бил унапреден на работното место во категоријата раководни работници.

(4) Работникот кој за првпат е унапреден на работно место со вид „главен", должен е да го положи стручниот писмен тест од член 92 став (5) односно член 104 став (6) од овој закон, најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на решението за унапредување.

(5) Ако работникот од ставот (4) на овој член, не го положи тестот во рокот од ставот (4) на овој член, се распоредува по потреба на службата согласно овој закон на видот на работното место од кое бил унапреден на работното место со вид ,,главен".

(6) Одредбите од член 104 став (5) од овој закон кои се однесуваат на задолжителна обука и полагање на писмен тест за раководење, не се применуваат во постапките за унапредување на работниците кои до денот на отпочнувањето со примената на овој закон се распоредени, вршат работни задачи или во кариерниот развој биле распоредени на раководни работни места во категориите Б и В од членот 47 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22).

Член 202-а

Спроведување на селекцијата, изборот, распоредувањето и унапредувањето на работниците во постапките утврдени во членовите 198, 199, 200, 201 и 202 од овој закон се врши согласно со членовите 31, 32, 37, 92, 93, 94, 95 став 1 точки 1 и 2, 96, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107 став (1) точка 1 и став (2), 108, 109, 112, 120, 121, 122, 124, 125 и 128 од овој закон.

Член 203

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примената на овој закон, ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 204

Со денот на започнувањето со примената на овој закон, престанува да важи Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број108/19, 275/19, 110/21 и 89/22).

Член 205

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија",а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година, освен одредбите на членовите 198, 199, 200, 201, 202 и 202-а од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 15 март 2026 година.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за внатрешни работи
(„Службен весник на РСМ" бр.15/26)

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".